Дополнителната настава се организира во училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците.Оваа настава е задолжителна и секое отсуство се запишува во дневникот на паралелката.

Дополнителна настава ќе се изведува во точно дефиниран распоред. Со распоредот за одржување на дополнителната настава, училиштето ќе ги информира учениците преку класните раководители и предметните наставници. Училиштето е должно да ги информира родителите за одржување на дополнителната настава како и за редовноста на оваа настава од страна на нивните деца. Училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година ќе истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот ќе го достави до Државниот просветен инспекторат.

8.11. Додатна настава

Во училиштето ќе се организира и додатна настава за учениците кои ќе покажат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Истата ќе се обезбеди проширување и продлабочување на знаењата по соодветен предмет.
Учениците ќе имаат можност своите знаења, умеења, вештини и потенцијали ќе можат да ги надградуваат преку слободните ученички активности кои се планираат и реализираат во нашето училиште. Додатната настава ќе ги подготвува учениците кои ќе учествуваат на натпревари по соодветните предмети. Секој предметен наставник ќе изработи сопствена програма за додатна настава и ќе ја достави на увид кај директорот на училиштето.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарени и талентирани ученици ќе се реализира во рамките на додатната настава и ќе биде насочена кон поттикнување и развој на нивните индивидуални способности преку следниве форми:
- Слободни ученички научно-истражувачки и културно-уметнички активности, со индивидуализиран пристап, каде надарените ученици ќе бидат вклучени во посложени и креативни задачи;
- Консултативна настава, наменета за ученици кои сакаат унапредување и побрз напредок преку полагање испити и завршување на учебната година предвреме;
- Активно учество во меѓуучилишни форми на работа со надарени ученици (летни и зимски школи, натпревари, семинари, трибини, конкурси и слично).

Сите наставници ќе бидат достапни за консултативна настава и за вонредните ученици, при што ќе обезбедуваат стручна поддршка и насоки за полесно совладување на наставните содржини и ефикасно постигнување на образовните цели.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во рамките на училиштето е формиран инклузивен тим, а во случај на упис на ученик со посебни образовни потреби ќе се формира иклузивен тим за ученикот. Планираните активности се приспособуваат спрема потребите на учениците со посебни образовни потреби.

Во рамките на училиштето е формиран инклузивен тим за работа на училиштето членови на овој тим се:

Со секој ученик се реализа настава со посебно планирање ИОП кој се правен врз основа на категоризацијата на ученикот и неговите можности.

Формирани се и инклуивни тимови за ученикот во кој покрај наставниците кои реализираат настава во дадената паралелка влеваат и слушбата на училиштето,образовниот асистент и родителот на ученикот. Овој тим има за задача да се состснува секој класификаионен период и да оразгледа напредувањето на ученикот по предмети. Доколку целите на ученикот не се остигната тогаш наставникот по дсадениот предмет ќе треба да ја ревидира програмата за работа и да постбаи нови цели.

8.15. План на координаторот за практично образование

- оддржување на координативни и работни состаноци со менаџментот на Училиштето, наставниците кои реализираат УПР, родителите и учениците од училиштето
- соработка со бизнис сектор и следење на реализацијата на програмата за УПР
- подготовка на учениците за вклучување во процесот на УПР
- реализација на феријалната пракса за учебната 2026/2027 година
- промоција на секторите и квалификациите застапени во училиштето
- соработка со координатори за ПО и кариерни советници на регионално и државно ниво
- координација со класните раководители и одговорните наставници за феријална практика заради склучување на договори за феријална практика и други дополнителни документи

Рб	Планирана активност	Временска рамка	Учесници	Очекуван резултат
1.	Оддржување на координативни и работни состаноци со менаџментот на Училиштето, наставниците кои реализираат УПР, родителите и учениците од Училиштето	Август 2026 – Јуни 2027 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето - Наставници по УПР, - Родители на ученици, - Ученици; - Бизнис сектор.	- Потврдување на соработката со работодавачите со кои училиштето има склучено меморандум за соработка и ревидирање на веќе постоечките Меморандуми (доколку има потреба), - Подготовка на план и програма за склучување на соработка со нови работодавачи; - Изработка на предлог-листа на работодавачи и утврдување на видот на занимањата и бројот на работни места на ниво на компанија; - Запознавање и обука на наставниците кои реализираат УПР за потребната педагошка документација и нејзино успешно водење и следење на постигањата на учениците.
2.	Соработка со бизнис сектор и следење на реализацијата на програмата за УПР	Септември 2026 – Август 2027 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето, - Наставници по УПР; - Бизнис сектор; - Родители,	- Изработка на годишен оперативен план и програма за остварување на учењето преку соработка со наставниците по

			- Ученици.	УПР и менторите од компаниите; - Педагошка и методска поддршка на менторите и одговорните лица во компаниите; - Успешна реализација на програмата за УПР и навремено решавање на тековните проблеми, - Изработка на план за посета на претставници од компаните во училиштето; - Изработка на извештаи за реализацијата на процесот на УПР до Директорот на училиштето и претставниците од компаниите; - Изработка на Меморандуми за соработка со нови компании кои пројавиле интерес за взаемна соработка при реализација на УПР.

3.	Подготовка на учениците за вклучување во процесот на УПР	Септември-октомври 2026 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето, - Наставници кои имаат сертификат за обука за заштита и безбедност при работа; - Наставници по УПР; - Бизнис сектор; - Родители, - Ученици.	- Успешно планирана, организирана и реализирана обука на учениците за безбедност и заштита при работа(одржана во април 2026); - Успешна подготовка на учениците пред вклучување во процесот на УПР.
4.	Реализација на феријалната пракса за учебната 2026/2027 година	Февруари 2026 – Август 2027 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето - Наставници по УПР, - Ученици, - Родители; - Бизнис сектор, - Локална самоуправа.	- Изработка на програми за реализација на феријална пракса по струки, сектори и образовни профили, односно квалификации; - Успешно планирање, организирање и реализација на феријалната пракса.
5.	Промоција на секторите и квалификациите застапени во училиштето	Февруари – Јуни 2027 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето - Кариерни советници; - Наставници по УПР, - Ученици, - Родители; - Бизнис сектор, - Локална самоуправа.	- Успешно реализиран Отворен ден на училиштето; - Учество на настани, семинари и работилници. - Организирање на „Саем за вработување“
6.	Соработка со координатори за ПО и кариерни советници на регионално и	Септември 2026 – Август 2027 година	- Координатор за ПО; - Директор на училиштето, - Кариерни	- Промоција на училиштето; - Согледување на успешни приказни од реализацијата на

	државно ниво		советници, - Локална самоуправа; - МОН на РС Македонија	УПР; - Унапредување и збогатување на искуствата на наставниците и учениците.
7.	Координација со класните раководители и одговорните наставници за феријална практика заради склучување на договори за феријална практика и други дополнителни документи	Април, Мај 2027 година	- Координатор за ПО; - Класни раководители; - Определени одговорни наставници за реализација на феријалната практика - Наставници по УПР; - Родители; - Ученици; - Работодавци.	- Координирање со класните раководители и одговорните наставници за феријална практика; - Подготвување и склучување на Мемораднуми за соработка и Договори за реализација на феријалната практика; - Распределба на дневниците на феријална практика и објаснување за нивно пополнување како и сите понатамошни активности за време на реализација на феријалната практика.

8.16. План на образовниот асистент

Годишната програма за работа на стручен соработник – образовен асистент е изготвена врз основа на член 3-г став 3 од Законот за средно образование, според Правилник за Норматив за образовниот асистент, описот на компетенциите и работните задачи.

Компетенциите за образовен асистент опфаќаат основни знаења, способности и вештини групирани во следните четири подрачја:

1. Непосредна поддршка на учениците со попреченост;
2. Соработка со родителите/ старателите;
3. Соработка со наставниците;
4. Соработка со стручните соработници од средното училиште и стручните соработници од државното

1. Непосредна поддршка на учениците			
1.1. Училишни активности и задачи			
Активности	**Цели**	**Соработници**	**Време на реализација**
-надгледување на запишаното	-следење на способноста и точноста при пишување белешки	-координатор на ДСУРЦ “ИСКРА”-Штип -стручна служба (педагог) на СОУ”Димитрија Чуповски”-Велес - Весна Славеска -класен раководител Надица Теова и останатите професори	Учебна 2026/27 ГОД.
-опсервирање на усвоеното	-следење дали и колку е усвоена материјата		
-поддршка при потешкотии	-дополнително објаснување и олеснување при учењето		
-изработка на наставни ливчиња и помагала	-следење на напредокот и помошен материјал при учењето		
-прилагодување на материјата според ИОП	-нудење ограничен материјал за усвојување согласно капацитетот на секој од учениците посебно.		

-сугестии и поттик на учениците	-да се стимулираат и ослободат учениците при учење и излагање на наученото.		
-придружба и опсервација при извршување на практичната настава	-следење на однесувањето и интересите при извршување на практичната настава, како и поттик за напредување.		

1.2. Комуникација, социјална интеракција и вклученост
Учениците на кои им се дава поддршка ќе се поттикнуваат од страна на асистентот за комуникација и дружење со останатите соученици.
Ќе се инсистира на позитивна атмосфера во класот, како за време на одморите,така и за време на часот.
Со пофалби, поттик, а некогаш и критики ќе се бодрат учениците со попреченост да земаат учество во наставата.
Кога условите дозволуваат ќе се инсистира на самостојност кај учениците, односно да се справат со одредени ситуации без помош од асистентот, односно ОА ќе ги опсервира од поголема дистанца.
1.3. Движење, употреба на помагала, ориентација во простор
ПРИ ДВИЖЕЊЕ ЕДЕН ОД УЧЕНИЦИТЕ ИМА ПОТЕШКОТИИ ПОРАДИ ДЕФОРМИТЕТ НА СТАПАЛАТА. ЗАТОА РЕДОВНО ЌЕ БИДЕ СЛЕДЕН ОД АСИСТЕНТОТ. ОВОЗМОЖЕНО Е И КОРИСТЕЊЕ НА ЛИФТ ПО ПОТРЕБА.
УЧЕНИЦИТЕ НА КОИ ИМ СЕ ДАВА ПОДДРШКА НЕ КОРИСТАТ ПОМАГАЛА.
УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ БИДАТ ОПСЕРВИРАНИ ПРИ ДВИЖЕЊЕ НИЗ УЧИЛИШТЕТО ОД СТРАНА НА АСИСТЕНТОТ ИАКО ДОБРО СЕ ОРИЕНТИРАНИ ВО ПРОСТОРОТ.
1.4. Грижа за себе
Доколку е потребно, ќе им се сугерира и помага на учениците со попреченост да ги извршуваат личните должности, како одржување лична хигиена, спастрување на облеката, исхрана и слично. Дискретно ќе им биде посочена секоја забележана неправилност (нечисти раце, нечешлана коса, валкана облека...).
3. Соработка со родители/старатели
Соработката со родителите ќе се реализира преку формални и неформални средби, по потреба со телефонски разговори во пристојно време за консултации, сугестии, давање

насоки и општа информираност за напредокот на учениците под супервизија на класниот раководител.
4. Соработка со наставници
Ќе се остваруваат консултации и договори помеѓу асистентот и наставниците за сугестии и насоки како материјата да се доближи до учениците, како и тоа што од материјалот да се опфати,а што да се изостави зависно од капацитетот на секој од учениците индивидуално.
5. Соработка со стручните соработници и инклузивниот тим на ученик
По потреба, соодвтно на дадна ситуација, асистентот ќе се обрати за помош и консултација до стручните соработници од ресурсниот центар, стручнат служба на училиштето во кое пружа помош, односно инклузивниот тим на ученикот.

8.17. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Р. бр.	**Активност**	**Време на реал.**	**Одговорно лице**	**Очекуван резултат**
1.	Креирање на годишна програма за работа	август	Тим за кариерно советување	Подобра организација и координација на сите кариерни активности во училиштето.
2.	Формирање тим за кариерно советување во училиштето	август	Тим за кариерно советување	Формиран тим кој има јасно дефинирани улоги и одговорности и придонесува кон интегрирање на кариерното советување во воспитно -образовниот процес
3.	Промоција на работата на кариерниот советник во училиштето	септември	Тим за кариерно советување	Подобрена препознатливост на кариерниот советник од страна на учениците, наставниците и родителите
4.	Работилница: „Кариерно планирање - зошто е важно?“		Кариерен советник	Ќе се подигне свеста кај младите за значењето на кариерното планирање и да се мотивираат да размислуваат за своите идни образовни и професионални патишта
5.	Воспоставување мрежа на волонтери во рамки на кариерниот центар на училиштето		Тим за кариерно советување	Формирана активна мрежа на волонтери кои придонесуваат во организирање и спроведување на настани, промоција на кариерниот центар.
6.	Работен состанок со			Заеднички план за интегрирање на кариерното советување во

	класни раководители			редовните часеви и активности. Зголемена ефикасност во спроведувањето на годишната програма за кариено советување
7.	Креирање промотивен материјал			Подготвен промотивен материјал кој ја зголемува информираноста кај учениците, родителите и наставниците за улогата на кариерниот советник и можностите за поддршка во процесот на кариерното насочување
8.	Спроведување истражување за потребите на кариерното советување во училиштето			Креирање јасна слика за потребите од кариерно советување во училиштето и можностите за прилагодување на активностите кон потребите на учениците
9.	Работилница: „Мојата кариерна патека“ - прва група на ученици	октомври	Кариерен советник	Познаваат различни модели и техники за донесување одлуки. Подобрена самодоверба.
10.	Работилница: „Кој сум јас“ - прва група на ученици		Кариерен советник	Учениците развиваат вештини за самопроценка
11.	Работилница: „Што е кариера“ - прва група на ученици		Кариерен советник	Учениците развиваат ставови за кариера и потреба за планирање на кариера
12.	Гостински предавања од професионалци за нивните кариерни патишта		Тим за кариерно советување	Учениците ќе се запознаат со реални кариерни патишта и искуства. Подобро разбирање на вештините и компетенциите што се потребни за одредени професии.
13.	Креирање електронска база на податоци		Тим за кариерно советување	Формирана база на податоци која овозможува следење на кариерниот развој на учениците, полесно планирање на активностите и создавање основа за подобра соработка со универзитети, компании и институции

14.	Работилница: „Истражување кариерни можности“ - прва група на ученици	ноември	Кариерен советник	Учениците развиваат вештини за истражување на пазарот на трудот
15.	Работилница: „Елементи на индивидуален кариерен план“ - прва група на ученици		Кариерен советник	Учениците се запознаат со елементите на ИКП и начинот на негово водење
16.	Работилница за градење меки вештини „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија
17.	Мапирање и склучување меморандуми со приватен сектор		Кариерен советник и тим за кариерно советување	Идентификувани компании и организации кои можат да понудат поддршка или соработка. Склучени меморандуми за соработка.
18.	Гостински предавања од професионалци за нивните кариерни патишта		Кариерен советник и тим за кариерно советување	Учениците ќе се запознаат со реални кариерни патишта и искуства. Подобро разбирање на вештините и компетенциите што се потребни за одредени професии.
19.	Работилница: „Како да донесам одлука?“ - прва група на ученици	декември	Кариерен советник	Ќе им се помогне на младите да развијат вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот
20.	Работилница: „Мојата кариерна патека“ - втора група на ученици		Кариерен советник	Познаваат различни модели и техники за донесување одлуки. Подобрена самодоверба.
21.	Работилница: „Кој сум јас“ - втора група на ученици		Кариерен советник	Учениците развиваат вештини за самопроценка.
22.	Работилница за градење меки вештини „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија
23.	Гостински предавања од		Тим за	Учениците ќе се запознаат со

	професионалци за нивните кариерни патишта		кариерно советување	реални кариерни патишта и искуства. Подобро разбирање на вештините и компетенциите што се потребни за одредени професии.
24.	Работилница: „Истражување кариерни можности“ - втора група на ученици	јануари	Кариерен советник	Учениците развиваат вештини за истражување на пазарот на трудот
25.	Мапирање и склучување меморандум со основните училишта од регионот		Тим за кариерно советување	Склучени партнерства со основните училишта во регионот, со цел организирање заеднички активности за промоција на училиштето до идните ученици
26.	Работилница: „Што е кариера“ - втора група ученица	февруари	Кариерен советник	Учениците развиваат ставови за кариера и потреба за планирање на кариера
27.	Работилница: „Елементи на индивидуален кариерен план“ - втора група на ученици		Кариерен советник	Учениците се запознаат со елементите на ИКП и начинот на негово водење
28.	Работилница: „Како да донесам одлука?“ – втора група на ученици		Кариерен советник	Учениците имаат развиени вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот
29.	Индивидуални сесии за кариерно советување		Кариерен советник	Обезбедена индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување и донесување одлуки
30.	Работилница за градење меки вештини: „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија
31.	Мапирање и склучување на меморандум со основни училишта од регионот		Тим за кариерно советување	Склучени партнерства со основните училишта во регионот, со цел организирање заеднички активности за промоција на училиштето до идните ученици
32.	Индивидуални сесии за	март	Кариерен	Обезбедена индивидуална поддршка на учениците во

	кариерно советување		советник	процесот на самопроценка, истражување и донесување одлуки
33.	Симулативни активности (CV пишување, мотивациско писмо, подготовка за интервју).		Тим за кариерно советување	Стекнати практични вештини за изработка на CV и мотивациско писмо
34.	Работилница за градење меки вештини: „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија
35.	Денови на матурантите: „Покажи што знаеш“	април	Тим за кариерно советување	Учениците се оспособени да ги изразат своите размислувања, вештини, таленти, идеи, социјални вештини, хуманост, социјални вештини.
36.	Индивидуални сесии за кариерно советување		Кариерен советник	Обезбедена индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување и донесување одлуки
37.	Работилница за градење меки вештини: „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија
38.	Заеднички состаноци со класни раководители и наставници		Тим за кариерно советување	Собрани податоци за учениците од страна на наставниците по различни предмети, со цел комплетирање на портфолијата на учениците
39	Индивидуални сесии за кариерно советување	мај	Кариерен советник	Обезбедена индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување и донесување одлуки
40.	Работилница за градење меки вештини: „Подготовка за професионален избор“		Кариерен советник	Учениците ќе стекнат и развијат меки вештини неопходни за донесување информирана одлука при избор на професија

41.	Ревидирање на придобивките од кариерното советување и самоевалуација на процесот		Тим за кариерно советување	Учениците имаат развиени вештини за самоевалуација, анализа на постигнати промени, воочени јаки и слаби страни, ревидирање на донесени одлуки и сл.
42.	Отворен ден на училиштето		Тим за кариерно советување	Презентирање на можностите кои ги нуди училиштето за квалитетно стручно образование и поддршка во процесот на кариерно советување
43.	Анализа, евалуација и ревидирање на програмата	јуни	Тим за кариерно советување	Извештај за спроведената анализа и евалуација на програмата. Добиени повратни информации од ученици, наставници, родители и соработници. Усогласување на програмата со потребите на учениците и пазарот на трудот. Поголема ефективност на кариерното советување.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Спортскиот клуб при училиштето е онован на 24.10.2014 година, со матичен број 6990010, а во тимот на одговорни наставници се: Претседател е Мартин Ефремов, заменик претседател Љапов Ристе, и членови се Горан Јанков, Горан Крстиќ и Билјана Василева Бојчев.
Спортскиот клуб работи според Програма за работа на училишниот спортски клуб, донесен од Собранието на Училишниот спортски клуб, дадена во прилог:

Врз основа на член 23 од законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) и член 20 од статутот на училишниот спортски клуб Димитрија Чуповски од Велес, на основачкото собрание одржано на ден 02.03.2026 година, се усвои и донесе следната :

П Р О Г Р А М А

ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН СПОРТСКИ КЛУБ

Димитрија Чуповски од Велес

ОПШТИ НАЧЕЛА

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на РМ како и статутот и целите на своето дејствување, училишниот спортски клуб Димитрија

Чуповски од Велес (во понатамошниот текст на Програмата со назив: УСК), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ССОУ , Димитрија Чуповски според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

Планирање и развој

Глобалниот план за развој на УСК и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

ОБЈЕКТИ :

КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

- Користење на училишни сали и терени за спорт и рекреација на учениците.
- Користење на други терени и објекти за спорт и рекреација во општината.

АКТИВНОСТИ :

СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се во: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, пливање, планинарство, теннис, пинг-понг и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Република Македонија.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот и локалната самоуправа,

потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Со оглед на се поголемата присутност на физички и телесни деформитети кај младата популација односно учениците, УСК ќе формира секција за Кинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица и децата за делумно отклонување и намалување на деформитетите и јакнење на организмот.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

1. Членарина од учесниците во спортските школи
2. Спонзори и донатори
3. Самофинансирање од страна на родителите

ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

За оваа учебна година, предвидени се следните активноти:

Месеци	Спортови	Тренинзи и Натпревари	
Септември	Кошарка	8	
Октомври	Кошарка,Мал Фудбал	8	2,3
Ноември	Кошарка,Одбојка	8	2,2
Декември	Кошарка,Баскет 3x3	8	2
Јануари	Кошарка	2	

Февруари	Кошарка	8	
Март	Кошарка	8	2
Април	Кошарка	8	
Мај	Кошарка	8	2
Јуни	Кошарка	2	

Планирани Спортски Активности - 68 Тренинзи и Натпревари по спортовите Кошарка,Фудбал,Мал Фудбал ,Одбојка,Ракомет и Баскет 3х3 за машки и женски.

УСК Димитрија Чуповски Велес е организатор и учесник на општинските,зонските,регионалните и државни натпревари натпревари во спортовите при Федерација на Училишни Спортови и Сојузот на училишни спортови Велес .

Вкупен број на ученици што би земале учество во тренинзите и натпреварите на Училишниот клуб е 80 ученици.

Планирани се и пријателски натпревари во машка и женска конкуренција по повод патрониот празник на училиштето во месец Ноември.Исто така се планирани да се организираат натпревари во кошарка и одбојка по повод денот на училиштето во месец Мај.

9.2. Ученички акции и волонтерство

	Повод	вид на активност	време	ученици	реализатор
1	Одбележување на значајни меѓународни денови и празници на различните етникуми.	Литературни конкурси Презентации Квиз натпревари	континуирано	I - IV	СИТ - МИМО
2	Одбележување на денот на училиштето	Свечена програма Литратурен конкурс Спортски натпрвари Ликовна изложба	Ноември 2026	I - IV	Стручни активи, педагог, директор
3	Новогодишни и Божиќни празници	Програма Изложба и продажен штанд	Декември 2026	I - IV	Стручен актив по општообразовни предмети

4	Ден на здравјето	Крводарителски акции Едукативни штандови	Ноември /Март 2026/2027	IV	Црвен крст, педагог директор
5	Ден на екологијата	Активости поврзани со екологијата и проектот Еко-училиште	Март 2027	I - IV	Тим за Еко-проект педагог
6	Одбележување на значајни еколошки датуми	- Спроведување еколошки акции и информации за подигнување на еколошката свест - Одбележување на Денот на планетата	континуирано	I - IV	Тим за Еко-проект педагог
7.	Одбележување на значајни денови (празници) за квалификациите кои се изучуваат во училиштето: Денот на Фармацевтите Денот на медицинските сестри Денот на акушерките Денот на месарите Денот на пекарите и други значајни датуми	Соодветни активности во зависност од квалификацијата	континуирано	I - IV	Одговорни наставници по струки Педагог
8.	Велигденски празници	Изложба на велигденски јајца	Мај 2027	I - IV	Наставник по ликовна уметност, еко-тим, педагог, директор
9.	Образовно рандеву 2026	Саем на средни училишта во РС Македонија	Април 2027	I-IV	Наставник координатор на младинска организација, директор, педагог, тим наставници
10	Ден на словенските просветители	Литературен конкурс	Мај 2027	I - III	Наставници по македонски

					јазик и литература
11	Матурска вечер	Ученичка забава	Мај 2027	IV	Класни раководители од завршна година и директор
12	Учество во сите активности организирани од општината и невладините организации		континуирано	I - IV	Директор, стручна служба, наставници и ученици,
13	Свечено доделување на дипломи на матурантите	Свечена програма	Август 2027	III	Класни раководители од завршна година и директор
14	Средношколски забави за учениците	Ученички забави	I и II полугодие	I - IV	Одговорни наставници на средношколска заедница и ученици
15	Учество на натпревари – општински, регионални, државни и меѓународни	натпревари	континуирано	I - IV	Наставници и ученици
16	Учество во проекти	Работилници, предавања, семинари, обуки, посети	континуирано	I - IV	Наставници и ученици

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

Р. број	Активност	Време на реализација	Број на ученици	Носители	Цел	Очекувани резултати
1	Драмска претстава по повод Денот на училиштето	ноември	по потреба	Наставници по македонски јазик	Социјализација, поддршка на интересите на учениците, Едукација, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во

						воннаставни активности
2.	Музички изведби по повод различни настани во организација на училиштето	континуирано	по потреба	Наставник по музичка култура	Социјализација, поддршка на интересите на учениците, Едукација, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности
3.	Изработка на различни ликовни творби, постери, видео презентации и слично	континуирано	по потреба	Наставник по ликовна уметност Наставник по информатика	Поддршка на интересите на учениците, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности
4.	Изработка на промотивни спотови за училиштето	континуирано	по потреба	Наставници по стручни предмети Наставници по македонски јазик	Поддршка на интересите на учениците, Едукација, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности Информирање на јавноста за

						училиштето
5.	Работилници за изработка на креативни производи од страна на учениците	континуирано	по потреба	Наставници од МИМО тимот	Поддршка на интересите на учениците, Едукација, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности
6.	Еколошка мода	март	по потреба	ЕКО-тим	Поддршка на интересите на учениците, Едукација, Развивање на таленти	Развој на креативност и таленти Поголема мотивираност на учениците за вклучување во воннаставни активности
8	Хуманитрни и базари и активности	континуирано	По потреба	Наставници Директор служба	Поддршка на учениците Социјализасија Развивање на хуманитарни вредности	Рзвивање на креативност промовирање на хуматирани цели

10. Ученичко организирање и учество

(*Организирање во заедница на паралелката, членови на ученичкиот совет, план за работа на ученичкиот совет, план за работа на ученичкиот правобранител во текот на учебната година, потребни средства и материјали и извори од кои ќе се добијат*).

На почетокот од учебната 2026-2027година класните раководители ќе изберат преставник за класно раководство чии што претседател ќе биде член на Средношколската заедница. Оваа учебна година Средношколската заедница ќе брои 22 члена од кои еден од нив со тајно гласање со претходна презентација на својата програма ќе биде избран за претседател на Средношколската заедница. Доколку има потреба прдлог програмата на избраниот претседател ќе биде ревидирана и ќе се работи по неа. Во училиштето има и ученички правобранител со мандат од две години

и истиот по пат на тајно гласање беше избран минатата учебна година. За училишен прваобранител е избрана Несторова Миа од 4-1 клас и нејзин заменик Илијевска Сара од 4-1.

Програма на ученичкиот прваобранител:
Годишна програма за работа на Ученичкиот правобранител за учебната 2026/ 2027 година

Активности	Време на реализација	Носители	Очекувани резултати
Врсничка работилница Запознавање на учениците со Конвенцијата за заштита на правото на детето	Октомври 2026год.	Ученички правобранител	Информации за правата и постапката за заштита на правата на учениците.
,,Кутија за ученички глас" - поставување можност учениците анонимно да остават прашања, проблеми, предлози и идеи	Ноември 2026 год.	Ученички правобранител	Создавање безбеден и доверлив начин учениците да го изразат своето мислење и да пријават проблеми.
,,Што ако?" - интерактивна активност со реални и измислени ситуациииповрзани со ученички права	Декември 2026 год.	Ученички правобранител	Развивање на способност кај учениците да препознаат повреда на право и да размислуваат за можни решенија
Дебата Меѓуврсничко насилство	Јануари 2027 год	Ученички правобранител	аргументирана дискусија со правила.
,,Еден ден во туѓи чевли" - активност а емпатија, прифаќање и разбирање на различните искуства на учениците	Февруари 2027 год	Ученички правобранител	Развивање на емпатија, почитување и подобри односи меѓу учениците.
Работилница Спречување и борба од зависности	Март 2027 год	Ученички правобранител, Тим за поддршка	Како да идентификуваме таква ситуација и како да се заштитиме и да спречиме
Право на приватност - разговор и интерактивна дискусија за приватноста,	Април, 2027 год.	Ученички правобранител	Подигнување на свеста кај учениците за правото на приватност и одговорното користење на

споделувањето фотографии и информации и однесувањето на социјалните мрежи			дигиталните платформи.
,,Училиште какво што сакаме'' - анкета меѓу учениците за нивните потреби, проблеми и идеи за подобрување на училишниот живот	Мај, 2027 год.	Ученички правобранител	Собитрање на мислења и предлози од учениците и идентификување на области во кои може да се направат подобрувања.
Извештај за работата на Ученичкиот правобранител Сумирање на сите реализирани активности	Јуни 2027 год.	Ученички правобранител	Документирани податоци за реализираните активности на ученичкиот правобранител

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта донесен од МОН, за учебната 2026/2027 година предвидени се ученички екскурзии:

- за учениците од прва година, еднодневна екскурзија во Република Северна Македонија;
  Тим: Билјана Гајдова, Елеонора Игновска, Маја Михалчев, Марина Крстиќ, Селма Амедоска, Мартин Ефремов како класни раководители и Дијана Даскалова и Теодора Ботарева како наставници кои предаваат во годината. Одговорен наставник: Елеонора Игновска
- за учениците од втора година дводневна екскурзија во Република Северна Македонија;
  Тим: Јовановска Драгана, Јовева Валентина, Штипјанова Билјана, Иванова Цветанка, Теова Надица како класни раководители и Љапов Христо и Александра Николовска како наставници кои предаваат во годината:. Одговорен наставник: Валентина Јовева
- за учениците од трета година шестдневна екскурзија низ Европа;
  Тим: Мимоза Јовиќ, Билјана В.Бојчев, Љубе Јовановски, Дикова Емилија, Верица Николова, Сандра Стојќик како класни раководители и Емилија Петровска и Ефимија Југова. како наставници кои предаваат во годината. Одговорен наставник: Билјана Василева Бојчев,
- за учениците од четврта година шестдневна екскурзија низ Европа; Доколку екскурија за трета године не биде релизирана во предвидениот рок тогаш истата

ќе се реализира на почетокот на наредната учебна година со истиот тим и настаници.

Планирано е екскурзиите за учениците од прва,втора и трета година да се реализираат III-VI месец во учебната 2026/2027 година.

- екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми;
- стручно-истражувачки екскурзии и спортско-рекреативни екскурзии.

Ескурзиите поврзани со теми и содржини од наставните програми како и стручно истражувачките екскурзии ќе бидат реализирани во текот на учебната година од страна на наставниците согласно планирањата и наставните програми и планови.

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

Во текот на месец септември, раководителите на паралелка спроведуваат прашалник во сите паралелки во кој ученците наведуваат воннаставни активности во кои се вклучени, хобија, интереси и афинитети, како и активностите со кои планираат да се занимаваат, или околу кои им треба помош, со цел поттикнување и развивање на нивните таленти.

Од добиените податоци, учениците се вклучуваат во различни воннаставни активности организирани од страна на училиштето, општината и т.н., согласно покажаните интерес

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

Вид на натпревар	**Ниво (општинско, регионално, државно, олимпијада или меѓународно)**	**Предмет / област**	**Планиран период на одржување**	**Учесници (година)**	**Процедура за избор**	**Одговорни наставници**	**Тимска поддршка**	**Финансиски потреби**	**Поддршка од Совет на родители**
Државен натпревар по биологија	*Државен*	*Биологија*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим наставници по Биологија*	*Наставник по биологија + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*
Државен натпревар по хемија	*Државен*	*Хемија*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим наставници по Хемија*	*Наставник по хемија + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*
Државен натпревар по Народна техника	*Државен*	*Народна техника*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим од наставници по хемија, физика и стручни предмети*	*Наставнцик по стручни предмети/ хемија/ физика + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*

Државен натпревар по латински јазик	*Државен*	*Латински јазик*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим наставници по латински јазик*	*Наставник по латински јазик + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*
Државен натпревар по македонски јазик	*Државен*	*Македонски јазик*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим наставници по македонски јазик*	*Наставник по македонски јазик + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*
Државен натпревар по англиски јазик	*Државен*	*Англиски јазик*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*Преку претходен училишен натпревар*	*Тим наставници по англиски јазик*	*Наставник по англиски јазик + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*
Државен натпревар во организација на МАССУМ	*Државен*	*Разни предмети и области*	*Второ полугодие*	*ученици од I I-IV година*	*/*	*Тим наставници*	*Наставници + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*/*
Спортски натпревари	*Училишни општински Државни Меѓународни*	*Спорт и спортски активности*	*континуирано*	*ученици од I I-IV година*	*Во зависност*	*Тим наставници по Спорт и спортски активности*	*Наставници + стручна служба*	*Материјали за подготовка*	*Делумна поддршка*

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Програма за унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Училиште: ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес
Образование: Средно стручно образование
Учебна година: 2026/2027 година
Носител на програмата: Тим за МИМО

1. ВОВЕД

Училиштето е место каде што учениците стекнуваат знаења, но истовремено развиваат ставови, вредности и вештини за живеење и соработка во мултикултурно општество.

Програмата за унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција има за цел да создаде позитивна училишна средина во која сите ученици и наставници, без разлика на нивната етничка, културна или јазична припадност, ќе се чувствуваат прифатено, почитувано и еднакво.

Посебно внимание се посветува на развивање на меѓусебното почитување, толеранцијата, соработката, прифаќањето на различностите и спречувањето на стереотипите и предрасудите.

2. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на програмата е:

Унапредување на интеркултурниот дијалог и меѓуетничката интеграција преку заеднички активности на учениците, наставниците, стручните служби и локалната заедница.

3. СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

- Развивање почит кон културните и етничките различности;
- Поттикнување на позитивна комуникација и соработка меѓу учениците и наставниците;
- Намалување и спречување на стереотипите и предрасудите;
- Развивање емпатија и разбирање за другите;
- Поттикнување заеднички активности на ученици од различни етнички и културни заедници;
- Развивање чувство на припадност кон училиштето и заедницата;
- Поттикнување активно учество на учениците во организација и реализација на активности;
- Развивање соработка со други училишта и институции од локалната заедница;
- Промовирање еднаквост, толеранција, почитување и ненасилна комуникација.

4. ЦЕЛНА ГРУПА

Во реализацијата на програмата се вклучуваат:

- ученици од средното стручно образование;
- наставници;
- стручната служба;
- тимот за училишна интеграција;
- родителите/старателите;
- претставници од локалната заедница;
- други училишта и институции, по потреба.

5. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Активност 1: Формирање и организирање на Тимот за училишна интеграција

Цел: Организирање на тим кој ќе ги планира, координира и следи активностите поврзани со интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција.

Активности:

- определување членови на тимот;
- распределување на задолженија;
- утврдување на приоритети;
- изработка на план за работа;
- определување на рокови и одговорни лица.

Време на реализација: Септември 2026 година.

Активност 2: „Слични, а сепак различни“

Цел: Учениците да ги препознаат сличностите и различностите меѓу луѓето и да развиваат почит кон различните култури.

Активности:

- работилница за културни различности;
- дискусија;
- работа во групи;
- изработка на постери или видеа;
- презентација на ученичките творби.

Време на реализација: Октомври 2026 година.

Активност 3: „Нашето културно богатство“

Цел: Запознавање со културното наследство, традициите, обичаите, јазиците и културните вредности на различните заедници.

Активности:

- истражување на традиции и обичаи;
- презентации од учениците;
- изложба на ученички материјали;
- претставување на музика, литература, обичаи и културно наследство.

Време на реализација: Ноември 2026 година.

Активност 4: „Стоп за стереотипите и предрасудите“

Цел: Препознавање и надминување на стереотипите, предрасудите и дискриминацијата.

Активности:

- интерактивна работилница;
- анализа на конкретни ситуации;
- дискусија;
- игра на улоги;
- изработка на видеоролни (reels) против дискриминација.

Време на реализација: Декември 2026 година.

Активност 5: „Заедно сме посилни“

Цел: Поттикнување соработка меѓу учениците преку заеднички активности.

Активности:

- тимски игри;
- спортски активности;
- квизови;
- креативни работилници;
- заеднички ученички проекти.

Време на реализација: Јануари–февруари 2027 година.

Активност 6: „Интеркултурен ден“

Цел: Промовирање на културната разновидност и создавање можности за дружење и меѓусебно запознавање.

Активности:

- презентации на различни култури;
- музички и уметнички настапи;
- изложба;
- литературни творби;
- претставување традиционални обичаи;
- заеднички ученички активности.

Време на реализација: Март 2027 година.

Активност 7: „Соживот без граници“ – соработка со друго училиште

Цел: Развивање партнерство и заедничка работа со ученици од друго училиште.

Активности:

- воспоставување соработка;
- заедничка работилница;
- заеднички проект;
- посета/размена на ученици;
- презентација на резултатите.

Време на реализација: Април 2027 година.

Активност 8: „Младите за мир и толеранција“

Цел: Развивање култура на мир, толеранција, почит и ненасилно решавање конфликти.

Активности:

- дебата;
- работилница за ненасилна комуникација;
- анализа на конфликтни ситуации;
- изработка на видеоролни (reels) и нивна презентација.

Време на реализација: Мај 2027 година.

Активност 9: Евалуација на програмата

Цел: Утврдување на успешноста на реализираните активности и идентификување на можности за нивно подобрување.

Активности:

- анкета меѓу учениците;
- разговор со наставниците;
- анализа на реализираните активности;
- утврдување на постигнатите резултати;
- подготовка на извештај;
- предлози за идни активности.

Време на реализација: Јуни 2027 година.

6. МЕТОДИ И ФОРМИ НА РАБОТА

Во реализацијата на програмата ќе се применуваат:

- разговор и дискусија;
- работа во групи;
- работа во парови;
- интерактивни работилници;
- дебати;
- игра на улоги;
- презентации;
- изработка на видеоролни (reels);
- истражувачка работа;
- проектна работа;
- тимска работа;
- практични и креативни активности.

7. ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА

За реализација на активностите ќе се користат:

- компјутер, проектор и смартфони;
- наставни и информативни материјали;
- хартија, фломастери и материјали за изработка на постери;
- фотографии и видеоматеријали;

- училишна веб-страница и социјални мрежи;
- простор и опрема на училиштето.

8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

По реализацијата на програмата се очекува учениците и наставниците:

- да покажуваат поголема почит кон различностите;
- да ги препознаваат и намалуваат стереотипите и предрасудите;
- да развијат подобри комуникациски вештини;
- да соработуваат со ученици од различни етнички и културни средини;
- да покажуваат поголема толеранција и емпатија;
- активно да учествуваат во заеднички активности;
- да развиваат чувство на припадност и одговорност кон училиштето;
- да придонесуваат за создавање позитивна и инклузивна училишна средина.

9. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на реализацијата ќе се врши преку:

- евиденција на реализираните активности;
- фотографии, видеоролни (reels) и ученички материјали;
- анкети и прашалници;
- ученички презентации и проекти;
- повратни информации од учениците и наставниците;
- извештаи од тимот за училишна интеграција.

На крајот од учебната година тимот за училишна интеграција ќе изготви извештај за реализираните активности, постигнатите резултати и препораките за наредната учебна година.

10. ЗАКЛУЧОК

Преку реализација на оваа програма училиштето ќе придонесе кон создавање средина во која различностите се прифаќаат како вредност, а соработката, толеранцијата, почитта и меѓусебното разбирање се основа за заедничко живеење и учење.

Посебен акцент ќе биде ставен на активното учество на учениците, бидејќи преку заеднички активности тие најдиректно развиваат позитивни ставови кон другите и стекнуваат искуства значајни за нивниот личен и професионален развој.

Тим за МИМО:

1. Дијана Даскалова
2. Ѓоре Андов
3. Валентина Јанакиева-Дечева

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

14.1. Национални проекти

Се наведува:

- *Проекти финансирани и поддржани од државни институции, министерства, локални самоуправи и национални организации.*
- *Целите и придобивките за училиштето и учениците.*
- *Информации за наставниците и стручните соработници кои се вклучени.*
- *Временска рамка (почеток и крај на проектот).*
- *Изворите на финансирање.*

Национален натпревар на вештини за пекар и слаткарЦелта е зајакнување на младите, градење вештини, креирање иднина

Финансиран од Европската Унија, имплементиран од страна на Занаетчиска комора – Скопје, АМПЕРСАНД и АСМЕ

Во период од ноември-мај 2025/2026

Наставници: Емилија Дикова и Сандра Стојчиќ

14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

Се наведува:

- *Проекти кои училиштето ги реализира со поддршка од меѓународни програми или организации.*
- *Партнерства со други институции, земји или организации.*
- *Целите, очекуваните резултати и меѓународниот аспект на проектот.*
- *Одговорни наставници или стручни соработници кои се вклучени во проектот.*
- *Временската рамка и изворите на финансирање.*

Еразмус+ проект КА210–VET-000290545 „Зајакнување и усогласување на здравствена заштита обрзование обука на медицински сестри помеѓу земјите-членка на ЕУ и земјата-кандидат за членка на ЕУ“

Во учебната 2026/27 година следуваат активности до декември 2026 година кога треба да се заврши. Според планираните активности во септември од 14-23.09.2026 година ќе се одржи посета на три ученика од трета година медицинска сестра во Синт Елизабет, Турнаут-Белгија. По извршената селекција според дадени критерими тимот од ученици кои ќе патуваат се: Никол Спасев, Теа Самарџиева и Марија Пановска, а одговорен наставник- координар Љубинка Ртоска. Целта на мобилноста е запознавање на образовниот сисем, практичната настава, стручната подготовкана учениците.

Во периодот од 15-23 Октомври 2026 планирани се активности во училиштето со тимови наставници од партнер училиштата од Турнаут, Белгија и училиштето од Мезотур, Унгарија ќе дојдат во посета на нашето училиште на завршен настан. По истражувањето кое беше спроведено ќе се презентираат гледиштата до кое се дојде, ќе се организира работилница за ученици и за наставници по стручни предмети во профилот медицинска сестра. Тим Милица Арсовска, Маја Саздовска, Весна Смилевска и координатор на проектот Љубинка Ртоска.

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

Се наведува:

- *Проекти кои имаат за цел општествена добивка, вклучуваат хуманитарни, еколошки, културни и слични активности.*
- *Како проектот придонесува за развој на заедницата, учениците и училиштето.*
- *Партнерски организации (НВО, локални здруженија, компании).*
- *Наставници и стручни соработници кои се вклучени и улогата на учениците.*
- *Временската рамка и изворите на финансирање.*

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Успехот и редовноста на учениците ќе се следат на секој класификационен период од учебната година.

Училиштето ќе организира совети на паралелка на кои се разгледува успехот по преднети за секој ученик поединечно, како и нивната редовност и поведение во текот на тој класификационен период.

Раководителите на паралелка ќе изготвуваат статистички извештај за паралелката, а службата во училиштето ќе изготвува статистички извештај за успехот, редовноста и поведението на сите ученици во училиштето по паралелки, години, квалификации, национален состав.

Овој статистички извештај ќе се разгледува на Наставнички совет, Совет на родители и Училишниот одбор на полугодие и крај година. При разгледување на извештајот, Наставничкиот совет дава предлози и активности кои треба да се преземат за подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците.

За учениците кои на крајот на учебната година ќе имаат најмногу две слаби оценки се организира продолжителна настава и тоа, во мај за учениците од завешните класови, а во јуни и август за останатите ученици и повторно се врши оценување на учениците на целиот материјал во јунската / августовска комисија од страна на соодветна комисија. За учениците кои од оправдани прочини не можат да ја посетуваат наставата и кои се упатени на испит на година, оценувањето и за нив се врши два пати во годината, во јуни и август, и одговараат само на материјалот што немале можност да го следат.

Начини и методи за следење на успехот

Следењето на успехот ќе се врши континирано во текот на целата учебната година од страна на наставниците преку усно и писмено одговарање, тестови, проекти, презентации, домашни задачи и слично, а потоа дава повратни информации за учениците за нивниот напредок, префу формативна и сумативна оценка. При формирање на оценката на ученикот ќе се земат во предвид криериумите за оценување, со кои учениците се запознати на почетокот од учебната година, а кои се во согласност со наставниот план и програма по дадениот предмет, како и активноста на ученикот за време на часот, инцијатива на часот, учество за време на реализација на часот, како и редовноста на ученикот.

Кај практичната настава којашто се изведува во кабинети, лаборатории во училиштето или во реални услови кај работодавач, се оценува примената на стекнатите теоретски

знаења во услови на работа, за кои се водат посебни дневници, портфолија и.т.н. во кои се забележуваат сработените задачи на ученикот. Работата на учениците ја следи и оценува наставникот по практична работа, а кај работодавач, покрај одговорниот наставник во нејзиното формирање учествува и менторот од компанијата.
За секој ученик со посебни потреби, наставниците ќе изготват посебни ИОП, согласно категоризацијата на секој ученик индивидуално, каде што целта ќе биде адапритана на можностите, капацитетите и способностите на ученикот. За секој од овие ученици се применуваат посебни критериуми при оценувањето, кои се јасно определени во планирањата и со кои се запознати нивните родители/старатели и образовниот асистент.
Честота на евалуацијата (неделна, месечна, полугодишна, годишна)
Оценувањето на учениците се врши континуирано, во текот на целата година, преку водење досие за ученикот во кое се евидентираат неговите постигнувања, активност, оценки од одговори, тестови, писмени, редовна изработка на зададени активности изадачи и слично, врз основа на кои се изведува оценката за класификациониот период. Секој ученик ќе биде добие најмалку две оценки во текот на едно полугодие, а оцените ќе бидат евидентирани во е-дневникот на паралелклата, во којшто увид покрај наставникот, имаат директорот, стручната служба, раководителот на паралелка и родтелите на учениците.
Критериуми и стандарди за оценување
Критериумите и стандардите според кои ќе се раководат сите наставници при оценувањето на учениците се јасно дефинирани во наставните планови и програми, тие ќе бидат вметнати во нивните годишни планирања и на почетокот од наставната година, учениците ќе бидат запознати со истите.

Процедури за анализа на собраните податоци за успехот на учениците (идентификација на слабости, силни страни, трендови);

Анализата на собраните податоци за успехот на учениците се врши при разгледувањето на статистичкиот извештајот од страна на Наставничкиот совет кој ќе дава предлози и активности кои треба да се преземат за подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците. Исто така, во предвид ќе се земат милењето на посетите од страна на стручната служба и директорот, на советници од БРО и Центар за средно стручно образование, ДПИ, резултатите од самоуевалуацијата. При ваквите анализи ќе се согледаат силните но и слабите страни за успехот и редосвноста на учениците, ќе се утврдат трендовите и насоките дадени од страна на стручните лица кои треба да се преземат како би се подобрил успехот на учениците. Паралелно со ова, училиштето ќе спроведе анкета помеѓу учениците за нивното мислење во врска со процесот на оценувањето, слаби и јаки страни на истиот и да дадат свои предлози за подобрување на училиштето во делот на оценувањето. Учениците покрај ова, ќе можат да дадат свои предлози, сугестии во текот на целата учебна година преку Средношколската заедница, кои ќе бидат разгледани на Наставнички совет.

Употреба на резултатите за планирање на дополнителна поддршка и интервенции кај учениците кои имаат потешкотии;

Согласно идентификуваните проблеми и потешкотии од анализите направени на Совет на паралелка, секој наставник индивидуално дава мислење за секој ученик поединечно врз основа на постугнувањата на ученикот, неговите можности за совладување на наставниот материјал и постигнувањето на дадената цел. На овој начин ќе се издвојуваат учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал. За овие ученици наставниците ќе прават адаптација и прилагодување на целта на наставата, согласно нивните можности и способности, давајќи им подршка во целокупниот наставен процес и организираат дополнителна настава согласно законот.

Вклучување на наставниците, стручните служби и родителите во процесот на анализа и следење

Во постапката на анализа и следење на учениците и нивните знаења, покрај предметниот наставник којшто директно ги следи и оценува достигнувањата на учениците, нивниот успех ќе се анализира и следи на Совет на паралелка од сите наставници кои предаваат во паралелката за секој ученик посебно, а на кој ќе се присутни и стручната служба и директорот. По извршената анализа на успех, стручната служба директно ќе соработува со учениците и родителите, особено со оние кои покажуваат послаб интерес и успех, преку заеднички состаноци и советувања со секој ученик и неговите родители/старатели.
Наставничкиот совет и Советот на родители исто така ќе бидат вклучени во процесот на анализа и следење на успехот на учениците, преку разгледување на извештаите по класификациони периоди, и на своите состаноци ќе даваат свои конкретни предлози и мерки за подобрување на истиот.
Во училиштето има организирано тим за следење, анализа и поддршка на учениците, кој ќе има свои работни средби во текот на секој класификационен период со цел следење, анализа и подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците, како и поддршка во разрешавање на евентуални проблеми и препреки со кои учениците ќе се соочат во текот на наставниот процес, а за што ќе се изготвуваат и извештаи од состаноците на секој класификационен период.

Начини на известување за постигнувањата (родителски состаноци, извештаи, едукативни платформи).
Во текот на учебната година, покрај можноста за континуирано следење на успехот и постигнувањата на учениците од страна на родителите преку Е-дневникот, тие ќе се известуваат и на следниве начини:
-преку родителски средби на крајот од секој класификационен период,
-индивудиални средби на класниот раководител, наставниците во Советот на паралелка и родителите, согласно распоредот со предвидени термини за консултации и разговор со родители,
-известувања преку стручната служба во училиштето и разговори со родителите,
-советувања за родители за учениците со послаб успех или поведение.

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
*(Во овој наслов може да се планираат: **1.** Превентивни програми (кои програми, кои се целите на секоја програма, кој ги спроведува програмите). **2.** Работилници и*

активности со ученици, родители и наставници (опис на едукативните работилници; вклучност на психолози, педагози, полиција, здравствени работници или НВО, каде ќе се реализираат активностите). За вклучување на ученици се објаснува како ќе се избираат учениците кои учествуваат и дали активностите се групни, индивидуални или комбинирани. ***3.*** *Постапка за заштита на ученик-жртва (опис на постапката за пријавување на насилство, занемарување, злоупотреба или дискриминација, кој прима пријава, кој презема мерки, рокови за постапување, како се обезбедува заштита и следење на ученикот-жртва).* ***4.*** *Оценка и очекувани резултати (какви ефекти се очекуваат од програмите (, како ќе се следи успешноста).*

Зачувувањето и промоцијата на добросостојбата на учениците
Врз основа на член 2 од Законот за средно образование, во училиштето се спроведуваат следните програми:
Програма за заштита од насилство, злоупотреба, занемарување или дискриманиција на учениците, Тим за подготовка и реализирање на програмата: Весна Славеска, Силвана Карагирова, Драгана Јованова, Емилија Најдова и Сандра Стојчиќ.
Програма за спречување дискриминација и
Програма за превенција на употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци и малолетничка деликвенција.

Пријавувањето на заштита од насилство, злоупотреба, занемарување или дискриманиција на учениците ќе се врши согласно Политиката за заштита на децата на училиштето, подготвена со поддршка на Коалиција на младински организации СЕГА, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци. Политиката е во согласност со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од Министертството за образование и наука.
Програмата за спречување дискриминација и

I. ВОВЕД

Програмата претставува систем на мерки и активности за спречување, навремено откривање и заштита на учениците од сите облици на дискриминација, во согласност со националните закони, меѓународните конвенции и протоколи за заштита на правата на детето и човековите права.
Се темели на принципите на еднаквост, недискриминација, почитување на различностите, инклузивност и активно учество на сите засегнати страни во училиштето.

II. ЦЕЛИ

Општа цел:
Да се обезбеди инклузивна и праведна училишна средина во која секој ученик има еднакви можности за учење, развој и учество, ослободена од сите форми на дискриминација.

Специфични цели:

1. Спречување на дискриминација по основ на пол, етничка припадност, верска определба, социјален статус, јазик, попреченост, политичка или друга определба.
2. Подигање на свеста кај учениците, наставниците и родителите за еднаквост и човекови права.
3. Воспоставување ефикасен систем за пријавување и постапување при случаи на дискриминација.
4. Јакнење на интеркултурниот дијалог и толеранцијата во училиштето.
5. Поддршка и заштита на жртвите на дискриминација.

III. ЦЕЛНА ГРУПА

- Ученици
- Наставници и стручна служба
- Родители/старатели
- Локални институции и организации

IV. ОБЛИЦИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОПФАТЕНИ СО ПРОГРАМАТА

1. **Директна дискриминација** – различен третман без објективна и оправдана причина.
2. **Индиректна дискриминација** – правила или практики кои наизглед се неутрални, но доведуваат до неповолна положба на одредена група.
3. **Вознемирување и виктимизација** – непријателско однесување со цел понижување или создавање непријателска средина.
4. **Дискриминација по основ на лични својства** – пол, возраст, јазик, етничка и верска припадност, попреченост, социјален статус и др

V. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

1. Едукација

- Тематски часови:
  - „Почитување на различности и толеранција“
  - „Човекови права и ученички права“
  - „Интеркултурен дијалог во училиште“
- Работилници со ученици и наставници за препознавање и спречување дискриминација.
- Гостински предавања од експерти за човекови права и недискриминација.

2. Систем за пријавување

- Поставување кутија за доверливи пријави.
- Можност за пријавување кај педагог, психолог или класен раководител.
- Итно постапување според Училишниот протокол за заштита од дискриминација.

Советување и поддршка

- Индивидуално и групно советување на жртви.
- Поддршка и посредување во конфликти.
- Вклучување на родителите во процесот на надминување на дискриминацијата.

4. Соработка со институции

- Народен правобранител (оддел за заштита од дискриминација).
- Центар за социјална работа.
- Локални и национални невладини организации за човекови права.
- Општина и други образовни институции.

VI. ПРОЦЕДУРА ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

1. Примање пријава (усна, писмена или анонимна).
2. Веднаш известување на директорот и стручната служба.
3. Проценка на ситуацијата и преземање мерки за заштита на ученикот.
4. Започнување постапка согласно законските одредби и училишните протоколи.
5. Следење на случајот и обезбедување психосоцијална поддршка.

VII. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Програмата се реализира континуирано во текот на целата учебна година, согласно годишен план на активности.

VIII. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Намален број на случаи на дискриминација.
- Зголемена свесност кај учениците и наставниците за еднаквост и недискриминација.
- Брзо и ефикасно реагирање при пријавени случаи.
- Зголемена соработка со релевантните институции и организации.
- Поттикнување на култура на почитување и инклузивност.

IX. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

- Полугодишна анализа на пријавите и преземените мерки.
- Анкети со ученици и наставници за перцепција на дискриминацијата.
- Извештај до Наставнички совет и Совет на родители.
- Изработка на предлог мерки за подобрување на програмата за следната учебна година.

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД АЛКОХОЛ, ПУШЕЊЕ, УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА, ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГИ И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

I. ВОВЕД

Програмата претставува систем на превентивни мерки и активности со цел заштита на учениците од ризично однесување поврзано со употреба на алкохол, цигари, дроги, психотропни супстанции, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција. Таа се темели на принципите на промоција на здрав начин на живот, одговорност, превенција, поддршка и интерсекторска соработка, во согласност со националните стратегии за јавно здравје и заштита на младите.

II. ЦЕЛИ

Општа цел:
Да се обезбеди здрава и безбедна училишна средина преку намалување на факторите на ризик и зајакнување на заштитните фактори кај учениците.

Специфични цели:

1. Превенција на употреба на алкохол, пушење и дрога кај учениците.
2. Намалување на изложеноста на учениците на игри на среќа и други форми на зависности.
3. Зголемување на информираноста за последиците од ризичното однесување.
4. Промоција на здрави стилови на живот и позитивни модели на однесување.
5. Обезбедување рана интервенција и поддршка за ученици во ризик.

II. ЦЕЛНА ГРУПА

- Ученици
- Наставници и стручна служба
- Родители/старатели
- Локални институции и организации

IV. РИЗИЧНИ ОБЛИЦИ НА ОДНЕСУВАЊЕ ОПФАТЕНИ СО ПРОГРАМАТА

1. Консумација на алкохол.
2. Пушење и употреба на тутунски производи.
3. Употреба на дроги и психотропни супстанции.
4. Учество во игри на среќа и коцкарски активности.
5. Агресивно и асоцијално однесување – малолетничка деликвенција.

V. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

1. Едукација

- Тематски часови:
    - „Штетноста од алкохол и пушење“
    - „Последици од употребата на дроги и психотропни супстанции“

- „Игри на среќа и зависности“
- „Здрав начин на живот – спорт и правилна исхрана“

- Гостински предавања од лекари, психолози, инспектори, стручни лица за зависности.
- Работилници за развивање на животни вештини (асертивност, одбивање на притисок од врсници).

2. Систем за пријавување и следење

- Охрабрување на учениците доверливо да пријавуваат случаи на злоупотреба или ризично однесување.
- Навремено вклучување на стручната служба и директорот при сомнение за злоупотреба.

3. Советување и поддршка

- Индивидуално и групно советување на ученици во ризик.
- Вклучување на родителите во процесот на поддршка.
- Програми за рехабилитација и психосоцијална поддршка во соработка со здравствени институции.

4. Соработка со институции

- Центар за јавно здравје.
- Министерство за внатрешни работи (единица за малолетничка деликвенција).
- Центар за социјална работа.
- Невладини организации за превенција од зависности и младински организации.

VI. ПРОЦЕДУРА ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА ЗЛОУПОТРЕБА ИЛИ РИЗИК

1. Примање информации (усни, писмени или анонимни).
2. Веднаш известување на директорот и стручната служба.
3. Проценка на ризикот и потребата од интервенција.
4. Вклучување на надлежни институции согласно законските одредби.
5. Следење на ученикот и обезбедување поддршка и надзор.

VII. ВРЕМЕНСКА РАМКА

Програмата се реализира континуирано во текот на учебната 2025/2026 година, според однапред утврден годишен план на активности.

VIII. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Намалена употреба на алкохол, цигари и дроги кај учениците.
- Зголемена свесност за штетните последици од ризичното однесување.
- Зголемено учество на учениците во спортски, културни и креативни активности.

- Навремено откривање и интервенција кај ученици во ризик.
- Подобрена соработка со институциите и заедницата.

X. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

- Полугодишна анализа на реализираните активности и бројот на случаи.
- Анкети со ученици за информираност и ставови кон ризичните однесувања.
- Извештај до Наставнички совет и Совет на родители.
- Предлог мерки за подобрување на програмата за следната учебна година.

Забелешка:

Програмата за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на ученици, Програмата за спречување дискриминација и Програмата за превенција од алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги, психотропни супстанции и малолетничка деликвенција претставуваат интегриран систем на превентивни и заштитни мерки. Нивната примена е задолжителен сегмент од воспитно-образовниот процес и се реализира преку наставните содржини, класното раководство, воннаставните активности и секојдневната работа со учениците. Со тоа се обезбедува континуирана заштита, поддршка и промоција на безбедна, инклузивна и стимулирачка училишна средина, во согласност со националните стратегии и законските прописи во областа на образованието.

Програма за заштита од насилство злоупотреба и заштита на ученици

Планирани активности	**Време на реализација**	**реализатор**	**Целна група**	**Цели за реализација**	**Очекувани исходи и ефекти**
Обезбедување од страна на приватна агенција според посебна програма за работа	Во текот на учебната година	Агенција за обезбедување	Ученици вработени	Да се спречат и намалат инциденти со насилно однесување. Да се спречи влез на надворешни и неовластени лица во училиштето	Превенција и намалување на инциденти со насилно однесување. Спречување во училиштето да влегуваат надворешни лица.
Секојдневно дежурство од	Во текот на учебната	Сите наставници	Ученици	Да се одржува ред во	Превенција од инциденти ии

страна на наставниците со определено место и задачи	година			училиштето Да се спречат евентуални инциденти или насилно однесување	насилно однесување
Спроведување на анонимна анкета на учениците за скенирање на состојбата со насилство по класови и на ниво на училиште	Прво полугодие	Стручна служба Тим за заштита и превенција од насилство Средношколска заедница	ученици	Да се утврди видот и степенот на насилство со кој евентуално се соочуваат учениците Да се преземат соодветни мерки и по потреба да се организираат соодветни разговори, обуки, предавања и слично	Воочување и препознавање на можно насилство во класовите и училиштето и превземање понатамошни мерки за спречување на истото
Кутија за анонимно пријавување на насилство.	континуирано	Тим за спречување на насилство Средношколска зедница	ученици	Да се охрабрат учениците да известат за евентуално насилство со кое се соочуваат	Охрабрување на учениците да пријават насилство со цел стварње на подобра средина за секој ученик.
Организирање на предавања и во соработка со МВР и други релевантни институции.	Во текот на учебната година	МВР Стручна служба Наставници	ученици	Да се запознаат со дадената проблематика и начини за справување, спречување, разрешување и заштита и законските регулативи	Стекнување на знаења и вештини за спречување и справување на насилството како и решавање на конфликти
Работилници за превенција од насилно		Стручна служба Наставници		Да се намали на насилството помеѓу младата	Стекнување на знаења и

однесување: Конфликти, Видови насилство, Препознавање на насилството.		Врсничка едукација	ученици	популација	вештини за препознавање,спречување и справување на насилството како и решавање на конфликти
Препознавање и навремено пријавување на насилството со цел навремено реагирање и разрешување.	Во текот на учебната година	Стручна служба Наставници Ученици Родители Ученички правобранител Средношколска заедница	ученици	Да се идентификуваат начини и знаци за рано препознавање на разни видови насилство и начини за справување со него Да се запознаат со одговорностите, задолженијата и мерките што се/не се дозволени за преземање - законска регулатива	Стекнување на знаења и вештини за навремено препознавањњ на насилството, начини за справување со истото и мерки Запонавање со законската регулатива

16. Оценување

16.1. Видови оценување

Опис/тип на оценување	Опис на активности	Одговорно лице	Рокови	Забелешки
Бројчано оценување	Оценки од 1 до 5 според критериумите утврдени од МОН; наставниците ги запознаваат учениците со критериумите на почетокот на годината.	Предметни наставници	Континуирано	Се почитува принципот на еднаквост и недискриминација.
Формативно оценување	Кратки тестови, домашни задачи, дискусии, проектни активности; служи за следење на напредокот.	Предметни наставници	Неделно/месечно	Се користи за навремена интервенција кај ученици со потешкотии.
Сумативно оценување	Писмени и усни испити, завршни проекти; дава целосна слика за постигањата.	Предметни наставници	Полугодие/година	Се евидентира во Е-дневник.
Календар на писмено оценување	План за писмени работи по предмети, со почитување на законските ограничувања (максимум 2	Наставнички совет	На почеток на учебната година	Се објавува во Е-дневник и на огласна табла.

	писмени работи неделно).			
Ученици со ИОП	Индивидуални образовни планови со диференцирани цели и прилагодени методи на оценување.	Стручна служба и предметни наставници	На почеток на годината и континуирано	Се води посебно досие за секој ученик.
Информирање на родителите	Родителски состаноци, индивидуални средби, Е-дневник, писмени извештаи.	Класни раководители и стручна служба	Полугодишно и годишно	Родителите имаат постојан пристап до Е-дневник.
Повторна проверка на знаења	Учениците имаат право на повторна проверка во рок од 7 дена по добивање на оценка.	Наставник + комисија	Во рок од 7 дена	Комисијата ја сочинуваат предметниот наставник, класниот раководител и педагогот.
Комисии за испити (класен, поправен, вонредни...)	Се формираат комисии за класен испит, поправен испит, испит за побрзо напредување и вонредни испити.	Директор + наставници	Според календарот на испити	Членови: предметен наставник, класен раководител, педагог/психолог.

- Секој предметен наставник е должен во секој класификационен период да планира најмалку една форма на **формативно оценување** и една форма на **сумативно оценување**.
- Учениците со **ИОП** се оценуваат според индивидуализирани критериуми, со прилагодени методи и диференцирани цели.
- Родителите редовно се информираат преку **Е-дневник**, родителски состаноци и писмени извештаи.
- За повторна проверка на знаењето се формира комисија составена од предметниот наставник, класниот раководител и педагогот, која постапува во рок од 7 дена.

- Испитните комисии за класен, поправен и вонредни испити се формираат од директорот и наставници, со задолжително присуство на педагог или психолог, согласно законските прописи.

16.2. Тим на следење, анализа и поддршка

Активност/Подрачје	Опис/Насока	Временска рамка	Одговорни лица	Начин на евиденција/извештај
Следење на оценувањето по предмети	**Редовно следење на распределбата на оценки по предмети и паралелки**	**Еднаш месечно**	**Стручна служба, директор, педагог**	**Извештај од стручна служба, анализа во педагошки совет**
Анализа на отстапувања од оценувањето	**Идентификација на неправилности или големи разлики во оценувањето**	**По секој класификационен период**	**Тим за следење**	**Записник од состанок, препораки**
Поддршка на наставници кои имаат потешкотии со оценувањето	**Менторство и консултации за наставници со недоследности во оценувањето**	**Континуирано**	**Искуствени наставници, педагог**	**Индивидуални планови за поддршка**
Поддршка на наставници иноватори	**Мотивирање и промоција на наставници кои применуваат објективни и транспарентни методи**	**Полугодишно**	**Тим за следење**	**Презентации на добри практики**
Жалби и поплаки за оценување	**Разгледување на жалби од ученици и родители согласно процедура**	**По потреба**	**Тим за следење, директор**	**Записник и одлука на тимот**
Споделување на добра практика	**Организирање**	**Двапати годишно**	**Наставнички совет**	**Извештај од**

	работилници и дискусии за успешни методи на оценување			**работилница**
Настава и оценување на ученици со попреченост	**Следење на примената на ИОП и диференцирани критериуми**	**Континуирано**	**Стручна служба, наставници**	**Индивидуални извештаи**
Ментори кај работодавач	**Следење на оценувањето во практичната настава кај работодавачи**	**По секој циклус на практика**	**Координатори за практично образование**	**Извештај од работодавач**
Координатори за практично образование	**Усогласување на оценувањето во практичната настава**	**Континуирано**	**Координатори, наставници**	**Записници од состаноци**
Извештај за состојбите со оценувањето	**Годишен извештај за состојбата со оценувањето**	**На крај на учебната година**	**Тим за следење**	**Годишен извештај доставен до директор**
Активност/Подрачје	**Опис/Насока**	**Временска рамка**	**Одговорни лица**	**Начин на евиденција/извештај**

Опис и дополнителни насоки

- Тимот редовно ја следи усогласеноста на оценувањето со стандардите и врши анализа на податоци по предмети, насоки, паралелки и класификациски периоди.
- Се планираат активности за поддршка на наставници со слаби резултати или неправилности, како и мотивирање на наставници кои применуваат иновативни пристапи.
- Тимот организира споделување на добра практика во рамки на училиштето и разгледува жалби и поплаки за оценки согласно утврдена процедура.
- Се спроведува внатрешна евалуација на системот за оценување и се изготвува годишен извештај за состојбите.

Тим за следење, анализа и поддршка во оценувањето: Горан Јанков – директор, Весна Славевска – педагог, Силвана Карагирова и Билјана Василева Бојчев – наставници.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Област на набљудување	**Тип на активност**	**Одговорно лице**	**Временска рамка**	**Инструмент/метод на вреднување**	**Белешка/коментар**
Настава по општообразовни предмети	*Наставни часови*	*Директор, Стручна служба*	*Септември - јуни (1-2 пати по наставник)*	*Листа за набљудување на час, извештај*	*Фокус на цели, интеракција, формативно оценување*
Настава по стручни предмети	*Наставни часови*	*Директор, Стручна служба*	*Септември - јуни (1-2 пати по наставник)*	*Листа за набљудување на час, извештај*	*Фокус на цели, интеракција, формативно оценување*

16.4. Самоевалуација на училиштето

Области на евалуација	**Стандарди/индикатори**	**Методи и инструменти**	**Временска рамка**	**Одговорни членови од комисијата**	**Забелешки**
Наставни планови и програми	Стандарди 1.1, 1.2	Анкета со наставници, анализа на годишни програми	Октомври	Педагог, наставник, директор	Фокус на усогласеност со наставни планови
Постигнување на учениците	Стандарди 2.1, 2.2	Анализа на успех по паралелки, анкети со ученици	Јануари/Февруари	Наставници, педагог	Вклучување на податоци од Е-дневник
Учење и настава	Стандарди 3.1, 3.2	Набљудување на	Ноември / Март	Наставници од	Фокус на формативно

		часови, интервјуа со наставници и ученици		активи, педагог	оценување
Поддршка на учениците	Стандарди 4.1, 4.2	Анкети со ученици и родители, извештаи од стручна служба	Февруари	Педагог, родител, ученик	Анализа на случаи на насилство/дискриминација
Училишна клима и односи во училиштето	Стандарди 5.1, 5.2	Анкети со родители, записници од состаноци	Март	Наставници, претставник на родители	Фокус на транспарентност и комуникација
Ресурси	Стандарди 6.1, 6.2	Интервјуа со административен кадар, анализа на документи	Април	Директор, администратор,	Акцент на потребата од современи наставни средства за успешн реализацијаа на наставта
Управување, раководење и креирање политика	Стандарди 7.1, 7.2	Записници од состаноци на УО, интервјуа со членови на УО, Совет на родители, и со наставнички кадар, извештаи за работа	Мај	Училишен одбор, директор, ученици, родители, наставници	Зголемена вклученост на учениците и родителите во донесувањето на одлуки кои се во интерес на учениците и наставата

Области на евалуација	**Стандарди/индикатори**	**Методи и инструменти**	**Временска рамка**	**Одговорни членови од комисијата**	**Забелешки**
На пр. Планирање	*Стандард 1.1, 1.2*	*Анкета со настав-*	*Октомври*	*Педагог,*	*Фокус на усогла-*

и организирање на наставата		*ници, анализа на годишни програми*		*наставник ..., директор*	*сеност со наставни планови*

17. Безбедност во училиштето

Активност/Мерка	Целна група	Временска рамка	Одговорни лица / Соработници	Начин на спроведување	Забелешки
Обука за прва помош	*Ученици од III и IV година*	*Октомври*	*Стручна служба, Црвен крст*	*Теоретски и практичен дел*	*Сертификати*
Физичко обезбедување	*Ученици и сите вработени во училиштето*	*континуирани*	*Агенција за обезбедување*	*Физичко лице од агенција за обебедување и вработен од МВР*	
Лифт	*Ученици со посебни обраовни потреби*	*континуирани*	*директор*	*Пристап до лифтот за учрниците и образовните асистенти*	
Видео надзор во училиштето и училишниот двор	*Ученици и вработени*	*континуирано*	*директор*	*Согласно законот за заштита на лични податоци*	
Дежуратва од настваници	*ученици*	*континуирани*	*наставници*	*Дежурства за време на одмор*	*Изговен распоред за дежурства*
Обука за прва помош	*Наставници*	*Октомври*	*наставници, Црвен крст*	*Теоретски и практичен дел*	*Сертификати*
Обуки и за ментално здравје	*Ученици од I - IV година*	*Континуирано*	*Стручна служба*	*Интерактивни работилници*	*Програма за ментално здравје*
Симулација на евакуација	*Ученици од I - IV година и вработени*	*Март*	*Директор, класни раководители*	*Симулација согласно план за евакуација*	

Заштита и спречување од секаков вид на насилство	*Ученици од I - IV година*	*Континуирано*	*Стручна служба*	*Интерактивни работилници*	
Последици од зависности	*Ученици од I - IV година*	*Ноември*	*Стручна служба, МВР-СВР Велес*	*Работилница*	
„Кажи НЕ на пиротехника“	*Ученици од I - IV година*	*Декември*	*Стручна служба, МВР-СВР Велес*	*Работилница*	
Безбедна матурска прослава	*Ученици од завршните години*	*Април*	*Стручна служба, МВР-СВР Велес*	*Работилница*	

18. Грижа за здравјето

18.1. Хигиена во училиштето

Активност/Област	**Простор/Објект**	**Одговорни лица**	**Временска рамк**	**Начин на контрола**	**Забелешки**
Чистење и дезинфекција на училниците	Цело училиште	Хигиеничари	Дневно/по настава	визуелна проверка	
Чистење и дезинфекција на тоалети	Тоалети за наставници и ученици	Хигиеничари	Дневно/по настава	визуелна проверка	
Чистење и одржување	Дворна површина, главен влез и споредeн влез	Хигиеничари	континуирано	визуелна проверка	
Едукација за лична хигиена	Ученици од I - IV година	класни раководители	Септември, февруари	Предавање/работилница	Теми: миење раце, лична хигиена, облека

Еколошки акции	Ученици од I - IV година	наставници	Есен и пролет	акција	Училишен двор

18.2. Систематски прегледи

Година, паралелка	**Тип на преглед**	**Временска рамка**	**Здравствена установа**	**Одговорен наставник/лице**	**Забелешки**
Ученици со попреченост	Индивидуален медицински надзор	Континуирано	Надлежен лекар / специјалист	Стручна служба, класен раководител, родител	Според индивидуални потреби и проценка
Ученици од I и IV година	Систематски прегледи	Континуирано	Центар за јавно здравје - Велес	класен раководител	Според програма за систематски прегледи на ученици

18.3. Вакцинирање

Година	**Тип на вакцина**	**Временска рамка (месец)**	**Надлежна здравствена установа**	**Одговорно лице од училиштето**	**Забелешки**
Ученици кои доаѓаат од странство или имаат пропуш-тени вакцини	*Според индивидуален календар*	*Според упат од лекар*	*Матичен лекар / ЈЗУ здравствен дом Велес /Здравствен дом на општината во која ученикот живее*	*Стручна служба*	*Потребна меди-цинска потврда*
IV година (со наполнети 18 години)	*Тетанус*	*Според календар за имунизација*	*ЈЗУ здравствен дом Велес*	*Класни раководители*	*Потребна меди-цинска потврда*

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Активност / Мерка	Цел / Намена	Целна група	Временска рамка	Одговорно лице/тим	Белешки / Дополнителни насоки
Градење позитивна училишна клима	Поттикнување на почит, соработка и одговорност	Ученици и наставници	Континуирано	Наставници, стручна служба	Преку часови за класна заедница и ученички парламент
Превенција од недисциплина	Редовни разговори, едукативни работилници	Ученици	Месечно	Педагог, класни раководители	Вклучување на НВО и полиција за превенција
Санкционирање на недисциплина	Применување на правилник за дисциплински мерки	Ученици	По потреба	Директор, класни раководители, стручна служба	Се води писмена евиденција
Дежурни наставници	Надзор на училишниот двор, ходници и санитарни јазли	Ученици	континуирано	Дежурни наставници	Распоред утврден на почетокот на годината
Надзор за време на големи одмори	Обезбедување ред и безбедност	Ученици	Секој голем одмор	Дежурни наставници, технички персонал, обезбедување, видео надзор	Посебен акцент на училишниот двор
Писмена евиденција за нарушувања	Регистрација на дисциплински случаи и интервенции	Ученици	Континуирано	Стручна служба	Се чува во архивата на училиштето

Вклучување на стручната служба и ученички заедници	Решавање конфликти преку работилници, симулации и медијација	Ученици	По потреба	Стучна служба, ученички парламент, средношколска заедница	Поттикнување ненасилна комуникација
Средби со родители	Решавање на сериозни дисциплински прашања	Родители и ученици	По потреба	Директор, стручна служба, класни раководители	Се води записник од средбата

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Училиштен тим кој ќе координира со естетското и функционално уредување на просторот во училиштето: Руска Мицева, Селма Амедоска и Сандра Стојчиќ. На тимот ќе се приклучат и претставници од новоизбраната средношколска заедница.

Целта на уредувањето на училишниот простор е создавање пријатна, безбедна, функционална средина за учење, која стимулирачки ќе придонесе за подобро расположение, чувство на припадност, мотивација и активно учество на учениците во училишниот живот.

Со активностите за естетско и функционално уредување на училишниот простор се предвидува подобрување на изгледот и функционалноста на училниците, ходниците, заедничките простории и училишниот двор, со користење креативни, еколошки и одржливи решенија. Посебен акцент ќе биде ставен на создавање зелени и катчиња за релаксација, тематско уредување на просторот, изложбени и информативни површини, како и одржливо и функционално користење на постојните ресурси.

Активностите ќе придонесат кон подобрување на училишниот амбиент, развивање на еколошката свест и креативноста, поттикнување на одговорноста и тимската работа и градење позитивна училишна култура.

Во реализацијата ќе бидат вклучени учениците, наставниците, стручната служба, раководството на училиштето, техничкиот персонал, родителите и, по можност, локалната заедница и други партнери/организации. Учениците ќе имаат активна улога во осмислувањето, планирањето и реализацијата на уредувањето, со што ќе се поттикне нивната иницијативност и чувството дека училиштето е заеднички простор за кој сите се грижиме.

Очекувани ефекти од уреденият училиштен простор: позитивно влијание врз престојот и учењето на учениците, нивна мотивација и градење позитивен однос кон природата, културата, традицијата, подигнување на еколошката свест и пријателскиот однос на учениците кон училиштето и заедницата воопшто.

За реализација на целите, наставниците и учениците од сите паралелки ќе реализираат различни активности во текот на целата учебна година.

Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Активност	Задача	Носител на активноста	Време на реализација	Потребни ресурси	Очекувани ефекти
Истакнување на постигањата на учениците во наставата и натпреварите	Да се поттикне натпреварувачкиот дух и желбата кај учениците за проширување на знаењата и постигнувања та	Наставници и ученици	Во текот на целата учебна година	Пано, лепак, хартија, шпенагли, одбран простор	Зголемена мотивација, самодоверба, креативност и натпреварувачки дух за поголеми постигнувања на учениците
Креативно уредување на ЕКО-катчето со содржини значајни за зачувување на работната и животната средина	Да се развива еколошката свест кај учениците	Наставници и ученици	Во текот на целата учебна година	Разни материјали за реупотреба, хартија, бои, фломастери, лепак	Зголемена еколошка свест кај учениците за реупотреба и изграден позитивен однос кон зачувувањето и унапредувањето на работната и животната средина
Есенско и пролетно садење украсни садници во училишните ходници и чистење на училишниот двор	Хортикултурно уредување на ходниците во училиштето и чистење на дворот	Наставници, ученици, родители, технички персонал	Октомври-ноември, март-април	Сезонски садници, саксии, земја/хумус, вреќи за отпадоци, ракавици, метли	Развиена еколошка свест за работната и животната средина кај учениците
ReTire Furniture (РеТајр Мебел) иницијатива за естетско, креативно и	Изработка на клупи и столчиња од искористени автомобилски гуми поставени во	Наставници, ученици, технички персонал, раководство на училиштето,	Во текот на целата учебна година	Искористени автомобилски гуми, делови од стари и оштетени	Развиени вештини за одржливи иновативни решенија за зачувување на животната

одржливо искористување на искористени автомобилски гуми	ходниците на училиштето за употреба од страна на учениците	локална заедница		клупи и столчиња, платно, сунѓер, коноп, лепак, силикон	средина
Празнично уредување на училишниот простор	Тематско уредување и декорирање на училишниот простор по повод значајни национални и интернационални датуми и празници	Наставници и ученици	Во текот на целата учебна година	Картони, бои, декоративни материјали и конструкција, природни и реупотребливи материјали, лепак, балони	Создаден пријатен училиштен амбиент и развивање на чувството на припадност во училиштето, како и подигнување на свеста за значајни државни и меѓународни датуми
Декорирање на вратите на кабинетите за практична настава според образовниот профил (пекара, училишна аптека, лабораторија, козметички кабинет и други општо-образовни предмети)	Тематско исцртување на вратите на кабинетите за практична настава и вежби	Наставници и ученици	Во текот на целата учебна година	Бои за дрво, четки, ракавици, прајмер и заштитен безбоен лак	Визуелно препознавање на кабинетите за практична настава, оживување на просторот и промоција на профилите

19.3. Етички кодекси

СООП тим - Тим за следење, оценување и обезбедување на квалитет во воспитно-образовниот процес.

Кодекс	Одговорен тим/лице	Начин на вклучување на засегнати страни	Планиран рок за ревизија	Начин на усвојување и објавување	Забелешки / Следење на примена
Правиник за забрана на пушење вво училиштето за ученици.	СООП тим + директор	Предлози од наставнички от совет и средношколска заедница	Декември	Наставнички совет,средношколска заедница,Совет на родители,веб старна на училиштето, и оглсна табла	Самоевалуација
Правилник за забрана на пушењ за наставници.	СООП тим + директор	Предлози од наставнички от совет	Октомври	Наставнички совет, интерна	Наставнички совет
Правилник за регулирање на изостаноци	СООП тим + директор	Предлози од наставнички от совет	февруар	Наставнички совет, средношколска заедница, Совет на родители	Наставнички совет

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Тим за Односи меѓу сите структури во училиштето: Ртоска Љубинка, Југова Ефимија, Смилевска Весна, Ѓуровска Александар и Димитриевска Роза.

Структурикои се вклучуваат	Идентификувани комуникациски предизвици	Планирани активности	Време на реализација	Одговорни лица	Очекувани резултати
Учениците, родителите и наставниците	Недоволна соработката меѓу секторите во училишната средина.	„Кутија за идеи и предлози“ – можат да се доставуваат предлозите, кои редовно се и	Континуирана активност во текот на целата учебна	Тим за односи помеѓу секторите, педагошка служба,	Подобра соработка помеѓу сите учесници во

		разгледуваат се реализираат кога има можности за истите	година	директор	образовни от процес
На пр. Наставници – стручни соработници	Слаба интерна сработка	Тим-билдинг ден, интерстручен форум	Ноември	Директор, координатори	Поголема тимска работа
Наставници, средношколска заедница, УО, Стручни активи	Организирање на јубилејна прослава 80 годишна на училиштето и Дена на училиштето	Организирање на различни видови активности на предлози од стручните активи и одобележување на настанот-свечена академија	Септември-ноември	Тим за организирање на прослава, директор, претседатели на активи, средношколска заедница	Организрани настани, активности, средби и екскурзија
Родители, натставници, ученици, технички персонал	Слаб интерес за соработка од страна на родителите	„Родител – партнер на училиштето“ Заедничка работилница/средба со родители на тема: „Како заедно можеме да му помогнеме на ученикот?“	Септември-јуни	Директор, педагог, секретар, раководители на паралелка предметни наставници	Поголема присутност и вклученост на родителите во работата на училиштето
Ученици и наставници и други вработени	Слаба заитересираност на учениците за креативно и критичко размислување за подобрување на работата на училиштето	Учениците предлагаат идеи за подобрување на училиштето. Предлозите се разгледуваат со тим од вработените.	Октомври	Тим од различни структури, педагошка служба, директор	Добивање на конкретни идеи и план за реализација на истите
Родители, наставници	Недоволна грижа за	„Нашето училиште –	Октомври-декември	Тим од различни	Подобра училишна

, ученици, технички персонал	хигиената и ентериерот и амбиентот во училиштето и училишниот двор.	наша грижа“Учениците предлагаат идеи за подобрување на училиштето. Предлозите се разгледуваат со наставниците.		структури, педагошка служба, директор	и работна средина
Родители, наставници, ученици, технички персонал	Слаба организираност помеѓу структурите во училиштето	„Денови на тимската работа“ Спортски, забавни и логички тимски игри во кои учениците соработуваат. По можност се вклучуваат и наставници/родители.	Ноември-декември Април-мај	Тим од различни структури, педагошка служба, директор	Подобра меѓусебна соработка помеѓу структурите во наставниот процес
Родители, наставници, Ученици, педагошка служба	Слаба комуникација помеѓу родители и наставници	Континуирано организирање средби со родителите и наставниците со цел следење на постигањата и подобрување на успехот и редовноста на учениците	По завршените класификациони периоди	Раководители на паралелки, предметни наставници, педагошка служба и директор	Подобрување на соработката и надминување на проблеми во комуникација
УО, наставници, Средношколска заедница, Совет на родители технички персонал, секретар, педагошка служба, директор	Слаба корелација помеѓу структурите во училиштето	Организирање на средби за препознавање и решавање на недостатоци и проблеми во работењето на училиштето и предлози за подобрување на училишната клима за работа	Две средби на крај од прво и второ полугодие од учебната година	Тим наставници, педагошка служба, директор	Понудени конкретни решенија за откриените проблеми и недостатоци.

Ученици, наставници и родители, технички персонал,	Недоволна уреденост на училишниот простор	„Еко-ден“Заедничка акција за чистење, уредување, садење цвеќе или дрвја во училишниот простор.	март	Тим за естетско уредување	Подигнување на еко свеста
Ученици, наставници и родители, технички персонал,	Слаба организираност на настани од промотивен карактер за постигања	„Заедно постигнавме повеќе“ Завршна манифестација со презентација на ученички проекти и благодарници за ученици, родители и наставници.	Мај-јуни	Тим од наставници, директор, педагошка служба, средношколска заедница	Организирани настани за доделување на признанија за вклученоста во проектите

20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Професионалниот развој претставува динамичен и континуиран процес кој постојано се надоградува и усовршува со цел обезбедување повисок квалитет и поголема ефикасност во работењето на училиштето. Клучна улога во овој процес има успешно раководење и стратешко управување со наставниот кадар, кое овозможува идентификување и задоволување на професионалните потреби на наставниците.

Наставниците имаат особена одговорност да се прилагодат на новите општествени и образовни барања, па затоа континуираното образование и стручно усовршување се од суштинско значење за нивниот професионален развој. Училиштето активно поддржува и поттикнува наставниците да учествуваат во различни форми на континуирано образование, како што се обуки, семинари, работилници, конференции и трибини, кои се организираат од страна на Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), невладини организации и други релевантни институции. При тоа, училиштето посветува внимание и на концептот на доживотно учење, како основен принцип за професионален раст и развој на образовниот кадар.

Секој наставник води професионално портфолио во кое ги бележи активностите поврзани со професионалниот развој. Овие досиеја служат како основа за следење на напредокот и планирање на идните обуки. Дополнително, еден од важните елементи во професионалниот развој е и систематската дисеминација на

стекнатото знаење и искуство од посетените обуки и семинари. Со цел сите наставници да имаат корист од новите сознанија и методологии, училиштето организира интерни презентации и едукации, со што се обезбедува ширење на најдобрите практики и иновации во воспитно-образовниот процес. На овој начин, училиштето создава стимулативна и поддржувачка средина за професионален развој, која го охрабрува наставниот кадар постојано да се усовршува и да ги применува новите знаења и вештини во својата секојдневна работа, со што директно се придонесува кон подигање на општото квалитетно ниво на образование.

Развојните програми во училиштето кои се однесуваат на професионалниот развој на наставниците се изготвуваат така што ги мотивираат и оспособуваат наставниците за квалитетна работа која им помага за подобра ефикасност во наставниот процес, успех на секој учесник како поединец и училишната организација како целина. Наставниците не се само корисници на професионалното знаење кое го произведуваат други, туку и произведувачи и на нови знаења. Тие се одговорни пред новите барања и превземат активности како дел од прпомените во училиштето и поширокатa општествена средина.

20.2. Активности за професионален развој

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и дисеминации од проектите кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги од централното и подрачното училиште. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставниците подразбира нивна индивидуална мотивација за континуирано учество во семинари, обуки и процеси на сертифицирање и вреднување. Ова им овозможува поуспешно вклучување во конференции, регионални собири и учество во пишување на стручни рубрики или статии во релевантна литература, што придонесува за нивниот професионален раст и развој. Училиштето преку стручните активи организира различни форми на пренесување и размена на знаења и професионални искуства, вклучувајќи отворени часови и работилници. Во текот на учебната година е предвидено да се реализираат посети и анализи на наставните часови. По секоја посета, наставникот има консултација со тимот кој ја спровел посетата, составен од директорот и членовите на стручната служба. Во рамки на овие консултации се дискутираат позитивните страни на часот, како и се даваат препораки и насоки за надминување на евентуалните слабости, со цел непрекинато унапредување на квалитетот на наставата.

Личниот професионален развој на наставникот се следи преку личниот план за професионален развој, професионалното досие на наставникот и се развива преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето. Секој наставник пред почетокот на учебната година прави свој личен професионален план, а потоа од сите лични професионални планови се прави професионален план на наставниците на ниво на училиште.

20.2. Активности за професионален развој

Активност	Цел	Носител/Предавач	Време	Учесници	Оценка/Евалуација
Креирање на ИОП	Правилно дефинирање на цели и адаптаија на материјалите	Директор,стручна служба,ресурсен центар,надвореше н обучувач	ноември и	Наставниц и	*Анкета, набљудување*
Справување со професионално сгорување	Менаџирање на стресот,баланс меѓу работата и приватниот живот	Директор,надворе шен обучувач.	март	наставници	Анонимен прашалник и следење на училишната клима

20.3. Личен професионален развој

Цел за личен развој	Активности	Извори за учење	Очекиван резултат
Да ги подобрат ИКТ вештини	Присуство на интерна обука Присуство на отворени часови	Презентации, примери на успешни часови	Примена на часовите од својот предмет
Наставницит да се стекнат со знаења зе работа со деца со посебни пореби	Присуство на интерна обука Присуство на отворени часови	Презентации, примери на успешни часови,семинари онлјн обуки и слично.	Унапредување на знаењата за инклузивно образование и нивна практична примена.

20.4. Хоризонтално учење

Активност	Носител	Време	Очекуван исход	Следење/Критериуми
Подготовка и реализација на заеднички час кај сродни предмети	наставници	Ноември Март	Примена на иновации во својата настава	Фотографии+крато к извештај,посета на час
Интердисциплин арни панели и дебати	ученици	април	Продлабочув ање на знаењата размена на идеи	Фотографии+крато к извештај,посета на час
Врсничко	Наставници,уче	контиунир	Подори	Фотографии+крато

менторство	ници	ано	резултати кај учениите со послаб успех	к извештај,посета на час и подобен успех

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Планот за поддршка за кариерно напредување на наставниците претставува **стратешки документ со кој училиштето им помага на наставниците да ги стекнат потребните професионални компетенции и звања** (наставник-ментор или наставник-советник) преку континуиран професионален развој, менторство и хоризонтално учење.

ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА НАСТАВНИЦИ ЗА КАРИЕРНО НАПРЕДУВАЊЕ

1. Цели на планот

- Да се идентификуваат и мотивираат наставниците со потенцијал за кариерно напредување.
- Да се обезбеди стручна, административна и менторска поддршка при подготовка на професионалното портфолио.
- Да се унапредат компетенциите на наставниците преку таргетирани обуки и хоризонтално учење.

2. Акциски план и фази на имплементација

Фаза 1: Идентификација и самоевалуација (Септември - Октомври)

- **Информативни средби:** Стручната служба (педагог/психолог) и директорот одржуваат состанок за запознавање со законските критериуми за звањата „ментор“ и „советник“.
- **Самоевалуација на наставниците:** Наставниците пополнуваат прашалник за самоевалуација врз основа на стандардите за компетенции.
- **Формирање тим за поддршка:** Се назначува координатор (искусен колега или стручен соработник) за секој кандидат.

Фаза 2: Изградба на капацитети и професионален развој (Ноември - Февруари)

- **Обука за дигитално портфолио:** Работилница за правилно селектирање, систематизирање и прикачување на доказите за професионалниот развој.
- **Организација на хоризонтално учење:**
  - Отворени часови каде кандидатите демонстрираат иновативни методи.
  - Взаемно следење на часови (Peer coaching) со цел добивање конструктивна повратна информација.
- **Вклучување во училишни проекти:** Давање предност на кандидатите да предводат училишни проекти, комисии или воннаставни активности (актуелно за поени во портфолиото).

Фаза 3: Менторство и финализирање на портфолиото (Март - Април)

- **Преглед на докази:** Тимот за поддршка врши интерна ревизија на собраните докази (сертификати, трудови, потврди за менторство на ученици).
- **Симулација на интервју/презентација:** Подготовка на наставникот за презентирање на своите постигнувања пред училишната комисија или Државниот испитен центар.

Фаза 4: Аплицирање и евалуација (Мај - Јуни)

- **Поднесување документација:** Официјално аплицирање на наставникот по распишан повик.
- **Евалуација на планот:** Анализа на успешноста на поддршката (колку наставници успешно напредувале) и дефинирање препораки за следната година.

21. Соработка на средното училиште со родителите/старателите

Поднаслов	Активност	Одговорни лица	Временска рамка	Начин на реализација	Очекувани резултати
На пр. 21.1	Распоред за прием на родители	Класни раководители и предметни наставници	Септември – мај	Табела по паралелки	Редовна комуникација
	Учество во Совет на родители (одлуки за ученички екскурзии, за фотографирање на матуранти, усвојување на извештаи и сл.)	Стручна служба, директор	Септември – мај	Состаноци на Совет на родители, состаноци со родители	Транспарентно и законско работење на училиштето, подобри резултати на училиштето
	Учество во Училишен одбор (одлуки од интерес на училиштето и учениците)	Членови на УО	Септември – Август	Состаноци на УО	Транспарентно и законско работење на училиштето, подобри резултати на училиштето
На пр. 21.2	Поддршка за професионална ориентација	Стручна служба, родители	Февруари – мај	Презентации, средби, споделувања	Подобра ориентација и

				на лични искуства пред учениците	правилен избор на професија
	Учество во тимови за инклузија на ученици со ПОП	Наставници, стручна служба	континуирано	Споделување на информации за потешкотиите, можностите и напредокот на учениците	Успешно совладување на поставените цели
	Поддршка на талентирани ученици	Наставници, стручна служба	континуирано	Финансиска подршка, промоција на таленти	Развивање на талентот и поголеми постигнувања на талентирани ученици
На пр. 21.3	Работилници за родители	Наставници, стручна служба	Октомври и април	Интерактивни сесии	Зголемено знаење на родителите
	Советување на родители (групно и индивидуално)	Наставници, стручна служба	континуирано	Разговор и советување	Надминување на постоечките проблеми
	Едукација преку родителски состаноци	Класни раководители, стручна служба	периодично	Предавања, анкети, разговори	Зголемена информираност на родителите

22. Комуникација со јавноста и промоција на средното училиште

Тип на училиште	Активност	Носители	Време	Реализација	Исход
Стручно	Промоција на секторите преку јавна демонстрација	Наставници по стручни предмети ученици	континуирано	Отворен ден, гости од фирми Посета на основни училишта	Видливост и афирмација на стручното образование

стручно	Работилници заученици од основно образование	Наставници по стручни предмети	континуирано	Денот на училиштето,отворен ден на училиштето,одбележување на значајни датуми	Видливост и афирмација на стручното образование
стручно	Конкурси и натпревари за ученици од општината и регионот	наставници	континуирано	Денот на училиштето,отворен ден на училиштето,одбележување на значајни датуми	Видливост и афирмација на стручното образование
стручно	Работни средби со компании за УПР	Директор,координатор за УПР и наставници по УПР	периодично	Во училиштето	Подобрена соработка и поголема вклученост на ученици во компаниите
стручни	Работни средбисо органитее на локалната самоуправа	Директор,стручна служба наставници	периодично	Во Општината	Видливост и афирмација на стручното образование

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на средното училиште

(*Во овој дел се наведува на кој начин ќе се реализира следењето на активностите предвидени со годишната програма за работа на средното училиште.*)

Предлог табела:

Тип на училиште	**Приоритетни подрачја за следење**	**Метод за следење**	**Одговорен тим**	**Периодичност**	**Алатки за следење**	**Очекувани резултати**	**Кој треба да биде информиран за следењето**
На пр. Гимназиско	*Реализацијата и ефектите од воннаставните активности (клубови, секции, ученички иницијати*	*Набљудување на активности, анкетирање на наставници и ученици, интервју со*	*Тим за ГПР, директор, педагошко-психолошка служба*	*Тримесечно*	*Образец за мониторинг, евалуациски листи, анкети за наставници и ученици,*	*Навремена и квалитетна реализација на планираните воннаставни активности*	*Наставнички совет, Совет на родители*

	ви)	*наставници и ученици*			*прашања за интервју*		
	Реализација на училишни проекти или друг вид на проекти (Еразмус+ програмата) за подобрување на наставата	Набљудување на активности ,состаноци со одговорни наставници за реализација на проекти и состаноци соученици и наставници кои учествуваат во проектите	Тим за ГПР, директор, педагошко-психолошка служба	континуирано	Образец за мониторинг, евалуациски	*Реализација на поголем број на проекти кои се во интеес на наставата и учениците.*	*Наставнички совет, Совет на родители*
	Опремување на училиштето со ИКТ	Преку анализа на постојната состојба потребите на училиштето и она што е набавено во текот на годината.	Тим за ГПР, директор, комисија за јавни набавки	континуирано	Записници од актив, состаноци и ивештаи	*Поквалитетна настава со современи наставни средства како и подобрена мотивираност за работс и успех на учениците.*	*Наставнички совет, Совет на родители и УО*
	Надоградување на знаењата на наставниот кадар за работа со современа технологиј	Посета на часови, увид во дневни подготовки за работа.	Тим за ГПР, директор стручна служба	периодично	Иструмент за посета на час,разговори со наставниците.	Обучени настаавници за примена на современа технологија во наставата	Наставнички совет и наставникот лично

	а						
	Поголема ангажираност и активно вклучување на учениците во реализација на наставата	Посета на час,увид во редовност за време на час.	Тим за ГПР, директор стручна служба класен раководител	период ично	Иструмент за следење на час,разговор со ученици. Е-дневник	Поголема вклученост на учениците во реалиација на наставниот процеес	Наставници,стручна служва,директор
	Активирање на наставниците и учениците од здравствената струка во организирање на едукативни активности за унапредување на здравјето (здравствена заштита, развивање на здрави навики и др.)	Преку реализација на програмата за работа, извештаи за реализирани активности и работилници	Тим за ГПР, директор стручна служба класен раководител	континуирано	Годишна програма ,извештај за работа	Зголемена свест за здрави навики, заштита и превенција од заразни болести	Наставнички совет
	Подобрување на комуникацијата помеѓу вработените во училиштето	Состаноци со наставници,стручна служба и директор	Тим за ГПР, директор стручна служба	период ично	Извештај за реализирани обуки а тим билдинг	Подобрена клима и комуникација во училиштето и зголемена соработка	Наставнички совет
	Подобрување и	Разговор со	Тим за ГПР,	период ично	Посетени часови	Одржување на	Наставнички совет

	контрола при реализација на практичната настава и УПР	наставници,ментори во компании и ученици	директор Координатор за УПР		од УПР - записници Изготвен распоред Записници од посетени часови УПР,ученички дневник за УПР	успешна и редовна реализација на програмата и планот за УПР од страна на учениците и наставниците	,Координатор за УПР
	Поедначква вклученост на целокупниот наставен кадар во работата на училиштето во сите сфери	Анализа на списоци со тимови,средби со наставници	Тим за ГПР, директор, стручна служба	континуирано	Списоци на тимови,извештаи од работата на тимовите ,планови и програми	Ангажиран училишен кадар во сите сфери од работата во училиштето	Наставнички совет
	Редовна евалуација и ажурирање на развојниот план	Анализа на извештаи од тимовите,состаноци со наставниците вклучени во развојната програма	Тим за ГПР, директор,стручна слуѓба	континуирано	Извештаи од членови вклучени во сите теимови	Целосна реализација на развојниот план	Наставнички совет

24. Евалуација на годишната програма за работа на средното училиште

План за евалуација на годишната програма

Евалуацијата на годишната програма за работата на ССОУ „Димитрија Чуповски” ќе се изведува двапати во текот на учебната година, односно со завршување на првото полугодие од учебната 2026/27 година, во месец јануари 2027 година и на крајот од учебната година, најдоцна до 31 август 2027 година.

Евалуацијата ќе се изведува преку собирање на различни извештаи, анкети, прашалници, записници, следење на постигнувањата на учениците и сл. Кои што ќе бидат изготвени од страна на раководна и стручна служба, одговорни наставници на стручни активи, координатори на тимови, совет на родители, училишен одбор. Земајќи во предвид дека ова е прва година во која се работи според правилник за изготвување на Годишна програма како критериум на успешност ќе се земат во предвид извештаи од споредбените анализи со предходните учебни години што ќе ги направи тимот за самоевалуација на училиштето како и тимот кој ја изработува оваа програма.

Проценката на успешноста ја добиваме во зависност од одговорот на следните прашања:

- Во која мера беа постигнати поставените цели?
- Колку сме задоволни од постигнатите резултати?
- Кои се најзначајни успеси?
- Кои предизвици влијаат врз успешноста?
- Што би можело да се подобри во иднина?

Планот и самата евалуација ни даваат сигурност во работата, јасно вложување и увид во она што е веќе реализирано, а што не е. На тој начин она што е недоволно остварено добива на предност и ефективно се поставува ангажманот на човечките и останатите ресурси. Членовите за изготвување и реализација на Планот за евалуација на годишната програма се: Гајдова Билјана, Дикова Емилија, Крстиќ Марина, Весна Славевска, Теа Самарџиева и Емилија Несторова.

План за евалуација на годишната програма

приоритетни подрачја за евалуација	метод за евалуација	одговорен тим	периодичност	алатки за евалуација	очекувани резултати	кој треба да биде информиран за евалуацијата
Увид во квалитетот на планирањата на годишната програма и нејзината реализација	анализа на собрани податоци од анкети, извештаи, прашалници, записници подготвени од одговорни лица	директор стручна служба тим за годишна програма тим за евалуација	јануари 2027 август 2027	резултати од добиените анализи	проценка на ефективноста на активностите и препораки за подобрување	Наставнички совет Совет на родители Училишен одбор локална заедница
изработка на извештаи,	анализа на собрани	директор стручна служба	јануари 2027 август	резултати од добиени	идентификување на проблеми и	Наставнички совет Совет на

анализи и информации	податоци од анкети, извештаи, прашалници, записници подготвени од одговорни лица	тим за годишна програма тим за евалуација	2027	те анализи	предизвици обезбедување на транспарентност и документирање на процесот и резултатите давање препораки за подобрување на идните активности	родители Училишен одбор локална заедница

25. Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето за учебната **2026/2027** година претставува стратешки, развоен и оперативно поставен документ кој произлегува од деталната анализа на постигнатите резултати во претходната година, како и од препораките од интегралната евалуација на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) [1.1, 1.2]. Програмата е во целост усогласена со Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, како и со Концепцијата за развој на средното стручно образование во Република Северна Македонија.

Преку дефинираните подрачја за развој, оваа програма го става фокусот на **стекнувањето на функционални стручни вештини и компетенции кај учениците**, со цел нивна успешна интеграција на пазарот на трудот или продолжување на образованието на повисоките високообразовни институции.

Клучни приоритети во реализацијата на програмата:

- **Интернационализација преку проекти (Еразмус+):** Интензивирање на учеството во меѓународни и училишни проекти за подобрување на наставата, обезбедувајќи им на учениците меѓународно практично искуство во европски компании, а на наставниците професионален развој преку следење на работата (*Job shadowing*).
- **Модерна ИКТ инфраструктура:** Техничко-технолошко опремување на училиштето со современа ИКТ опрема и дигитални помагала, со цел трансформација на училниците во функционални интерактивни стручни кабинети.
- **Дигитален развој на наставниот кадар:** Континуирано надоградување на знаењата на наставниците за работа со современа технологија и примена на иновативни образовни софтвери и алатки во секојдневната настава.
- **Активно вклучување на учениците:** Напуштање на пасивниот модел на предавање и поттикнување поголема ангажираност на учениците како активни креатори на часот преку интерактивни методи и практични симулации.
- **Општествена одговорност и здравствена промоција:** Целосно активирање на наставниците и учениците од **здравствената струка** во организирање

едукативни активности, јавни трибини и кампањи во училиштето и заедницата за унапредување на здравјето, развивање здрави навики и примарна здравствена заштита.

- **Подобра внатрешна комуникација:** Унапредување на професионалната комуникација и проток на информации помеѓу вработените (раководство, стручна служба, наставници) со цел градење позитивна и поддржувачка училишна клима.
- **Рамномерна и подеднаква вклученост:** Обезбедување правична распределба на обврските и подеднаква вклученост на целокупниот наставен кадар во сите сфери на училишното работење, комисии и проекти, со што ќе се зајакне тимската кохезија и хоризонталната одговорност.

Успешната реализација на оваа програма директно ќе зависи од максималниот ангажман на сите чинители во процесот: наставниците, стручната служба, директорот, Советот на родители и Училишниот одбор, во тесна соработка со Локалната самоуправа, бизнис секторот, Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) и Министерството за образование и наука (МОН) [1.1].
Следењето (мониторингот) и евалуацијата на поставените цели ќе се врши континуирано во текот на годината, со цел обезбедување одржлив квалитет, инклузивност и висок стандард во стручното образование

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на средното училиште

Горан Јанков – директор
Весна Славеска – педагог
Силвана Карагирова – координатор за практична настава
Билјана Василева Бојчев – наставник по англиски јазик

27. Користена литература

Закон за средно образование;

· Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта,

· Закон за работни односи,

· Закон за организација и работа на органите на државната управа и др. закони;

· Подзаконски и интерни акти и правилници;

· Наставни планови за воспитно-образовната работа во средното училиште;

· Статут на училиштето;

· План и програма за развој на училиштето;

· Извештај од самоевалвација за работата на училиштето;

· Извештаи (Полугодишен и Годишен извештај на училиштето од претходната учебна одина, Извештај од самоевалвација)

· Правилници, кодекси, деловници за работа на Училишниот одбор, Советот на родители, етички кодекси за однесување на структурите во училиштето

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Во прилог на Годишната програма за работа на средното училиште се доставуваат годишните програми за работа на сите носители на активности, при што се прави прилагодување согласно типот на училиштето:

За СИТЕ ВИДОВИ НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА:

- Годишна програма за работа на директорот
- Годишна програма за работа на помошник директорот (ако има)
- Годишни програми за работа на сите стручни соработници од училиштето
- Годишна програма за работа на:
- Училиштен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи
- Училишен инклузивен тим
- Тим за училишна интеграција
- Тим за кариерно советување
- Ученички совет
- Ученички правобранител
- Комисијата за подготовка и спроведување на матурата во средното училиште

Дополнително по ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ:

Гимназиско образование:

- Акцент на наставнички совети и стручни активи поврзани со општообразовни предмети.
- Клубови на интерес (дебата, новинарство, екологија и сл.)

Стручно образование:

- Годишна програма за работа на раководители во регионален центар (РЦСОО)
- Годишна програма за работа на координатори за практично образование.
- Соработка со општина, компании и стручни асоцијации – програма за поврзување со реалниот сектор.

Уметничко образование:

- Програма на изведби, изложби и јавни настани.

Средни училишта со ученици со попреченост:

- Програма на инклузивниот тим.
- Индивидуални образовни планови.
- Вклучување на асистенти, медијатори, тутори – нивни индивидуални годишни програми.
- Соработка со родители, социјални служби, невладини организации.



М.П.

Датум:

27.08.2026 година

Директор,

Претседател на училишниот одбор
